2021

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Содржина

КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ 4
1. ВОВЕД 5
2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ 5
3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 7
3.1. Основни карактеристики 7
Основни карактеристики на тргувањето во 2021 година беа: 7
3.2. Класично тргување (БЕСТ систем) 9
3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти 10
3.4. Блок трансакции 11
3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет 12
3.6. Индекси на Македонска берза 12
3.7. Структура на прометот по членки 14
4. КОТАЦИЈА 15
4.1. Пазарна капитализација 15
4.2. Котација на нови хартии од вредност 15
4.2.1. Котација на структурни државни обврзници 15
4.2.2. Котација на континуирани државни обврзници 15
4.2.3 Котација на корпоратини обврзници 15
4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност 16
4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација 16
4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет 18
4.6. Измени и дополнувања на Правилата за котација 19
Кодекс за корпоративно управување 19
5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ 21
6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО 22
7. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА 22
7.1 Активности поврзани со апликацијата Broker Office 22
7.2. Миграција на БЕСТ системот на нова верзија 23
7.3. Миграција на нови верзии на различен системски софтвер 23
7.4. Активности поврзани со развој на нова верзија на Берза-Нет 23
7.5. Дефкти 23
7.6. Соработка со други берзи 24
7.7. Обуки за вработените од секторот 24
7.8. Почеток на развој на нова верзија на СЕИ-Нет 24
7.9. Доекипирање на IT секторот 25
8. ЧЛЕНСТВО 25
9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ 26
9.1. Годишно собрание на акционери 26
9.2. Одбор на директори 26
9.3. Резиме за главните стратешки приоритети на Берзата 27
9.4. Изменување и дополнување на акти на Берзата и донесување на нови интерни акти 27
9.5.Кодекс за корпоративно управување 29
9.6. Водич за ESG Известување 29
9.7. Воведување на електронска архива 30
9.8. Промени во составот на Комисијата за котација и Дисциплинската Комисија 30
9.9. Внатрешна ревизија 30
9.10. Дисциплински постапки 30
9.11. Учество во работата на работните групи/проекти за изработка на новите законски решенија во областа на хартии од вредност 31
9.12. Доставување одговори на поднесени барања и дописи 31
9.13. Судски и нотарски постапки 31
9.14. Известувања до Комисијата за хартии од вредност 31
10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ 31
10.1. Потпишан договор за соработка од областа на едукацијата со Загрепската берза 31
10.2. Одржани предавања и презентации 32
10.3. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата 32

10.4. Училишна берза 33
11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ 34
11.1. Активности по повод 25 години Македонска берза 34
11.2. Инвеститорски ден на Берзата 34
11.3. Годишни награди на Македонска берза за 2021 година 35
11.4. Активности во врска со crowdfunding платформата Funderbem 36
11.5. Берзата дел од глобалната иницијатива "Ring the Bell for Gender Equality" 36
11.6. Родова анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза 36
11.7. Глобална иницијатива „Да зазвониме за финансиска писменост" 37
11.8. Промоција на продуктите на Берзата 37
11.9. Соработка со медиуми 38
11.10. Бесплатното користење на продуктот eTrader 39
11.11. Комуникациска платформа МБ монитор 39
11.12. Комерцијално огласување на веб страната на Берзата 39
12. ОБЈАВИ НА АД ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ 39
13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 39
14. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА 40
15. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2021 ГОДИНА 41

КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ

Македонската берза АД Скопје е основана во 1995 година и работи како акционерско друштво во приватна сопственост.
Основните принципи врз кои се темели работењето на Берзата се почитувањето на законските и подзаконските акти во Република Северна Македонија од областа на хартиите од вредност, како и обезбедувањето фер, ефикасно и транспарентно функционирање на пазарот на хартии од вредност.

СЕДИШТЕ

Орце Николов бр.75 1000 Скопје
Email: mse@mse.org.mk
www.mse.mk
Телефон: +389 2 3122 055
Факс: +389 2 3122 069

ПРОФИЛ

Македонска берза АД Скопје
Датум на основање: 15.09.1995
Датум на почеток на тргување: 28.03.1996
Единствен матичен број: 5062608
Трансакциска сметка: 300-0000032408-06
250-0000000052-52
Даночен број: MK4030995184290

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Неизвршни членови:
- Претседател и неизвршен член:
  Тони Стојановски
- Неизвршни членови
  Петар Трпески
  Михајло Брова Зиков
  Билјана Цветковска
  Ивана Гажиќ

Независни членови:
Горан Анастасовски
Иван Мишев
Извршни членови
Иван Штериев, Главен извршен директор

ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИ

Вкупно издадени хв: 2.792
Номинална вредност: 607,10 ЕУР
Вкупен број на акционери : 35
Домашни: 33
Странски: 2

АКЦИОНЕРСКА СТРУКТУРА



1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2021 година ги содржи главните фактори коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2021 година (деловно окружување), основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, активностите во делот на информатичка и техничка поддршка на Берзата, правните и нормативни активности, преземените активности за едукација на поширокатa јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, податоци за надоместоците и примањата на членовите на Одборот на директори, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2021 година.

2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2021 година работењето на Македонска берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори од меѓународен и домашен карактер што го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза и имаа влијание врз тргувањето со хартии од вредност, а со тоа и врз нејзиното деловно работење:

- Светската економија во 2021 година беше во фаза на заздравување во однос на претходната година и забележа раст од 5,9%. Пандемијата предизвикана од корона вирусот остави последици врз економските текови во 2021 година, пред се' со појавата на голем јаз во понудата и побарувачката кај поодделни индустриски гранки. Олабавувањето на мерките и појавата на вакцина против вирусот COVID-19 го потпомогна растот на светската економија во 2021 година, но, сепак, враќањето во нормалните економски текови не одеше лесно, особено за понеразвиените земји и кај поголемиот дел од земјите во развој. Пандемијата значително влијаеше врз порастот на цените на енергенсите и на суровините, како и на прехрамбените продукти, што неминовно доведе до зголемена инфлација и пад на животниот стандард во светот.[1];

- Пандемијата го промени начинот на живот и предизвика сериозни проблеми во работењето на многу компании и бизниси. Првичниот шок во месец март 2020 годината предизвика берзите во светот да забележат големи минуси, што дополнително се засили поради стравувањата предизвикани од lockdown стратегијата која ја преземаа најголем дел од земјите со намера да се запре ширењето на вирусот COVID-19. Во периодот што следеше сведоци бевме на масовната државна и монетарна интервенција, но и на фактот дека човештвото сепак некако научи да функционира и кохабитира со вирусот, што предизвика долгиот биков пазар којшто траеше со години претходно дополнително да се интензивира. Оттука, 2021 година заврши со пазарни цени на акциите на доста високи нивоа, особено на поголемите светски берзи, со главен акцент на американските пазари. Dow Jones на годишно ниво се зголеми за 18,73%, S&P500 за 26,89%, а NASDAQ Composite за 21,39%. Европските акции имаа поскромен перформанс – германскиот DAX ја заврши годината со пораст од 4,97%, а англискиот FT100 со раст од 14,30%. Акциите на високотехнолошките фирми, фармацевтските, биотехнолошките и енергетските компании поврзани со новите начини на производство и обновливите извори рушеа рекорди. Паралелно, на глобално ниво 2021 година беше најдобрата година за IPO-а гледано во подолг временски период наназад;

- Во 2021 година македонската економија забележа раст на БДП од 4,1%.[2];

- Во март 2021 година Народната Банка, во период кога започна олабавувањето на мерките за спречување на пандемијата, се одлучи за дополнително олабавување на монетарна политика со намалување на каматна стапка на благајничките записи на 1,25%, која се одржа на истото ниво до крајот на годината. На крајот од декември 2021 година, годишната пондерирана каматна стапка на дадените кредити изнесуваше 4,37%, додека годишна пондерирана каматна стапка на новоодобрени дадени кредити изнесуваше 3,61%. Каматна стапка на вкупните депозити на крајот од декември 2021 година изнесуваше 0,74%, додека на новопримените заштеди изнесуваше 0,70%3. Во 2021 година приносот на најсигурните финаниски инструменти (едногодишни државни записи) се задржа на ниво од 2020 година и изнесуваше 0,70% за денарските и 0,50% за записите со девизна клаузула, постигнати на последната аукција во декември 2021

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, Октомври 2021
[2] "Макроекономски индикатори, страна 14, Предлог Буџет на Р.С. Македонија за 2022 година, Ноември 2021 година"
[3] Соопштение за печат на НБРСМ од 31.01.2022 – "Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците: декември 2021 година"

година. Продолженият тренд на намалување на каматните стапки во 2021 година имаше свое позитивно влијание на берзанските движења и прелевање на вложувањата во овој сегмент;

- Вредноста на портфолиото на отворените домашни инвестициски фондови на крајот на 2021 година се зголеми за 28,05% во однос на 2020 година и достигна износ од 186,18 милиони евра. И покрај тоа што најголем дел од средствата доверени на управување на фондовите беа насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државата, сепак овој раст имаше свое позитивно влијание и на берзанските движења. Особено добри перформанси имаше единствениот домашен фонд што како инвестициска политика се базира на реплицирање на МБИ10 индексот, кој забележа најголем раст во 2021 година, споредено со порастот на сите останати отворени инвестициони фондови во Македонија, од 28,5%. Трендовите кај пензиските фондови се стабилни и на крајот од декември 2021 година тие го зголемија износот на нето средствата за 21,09% во однос на крајот од 2020 година и достигнаа вредност од 1,71 милијарди евра;

- Како резултат на задолжителната котација на хартиите од вредност и во текот на 2021 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина. Оттука, во 2021 година беа објавени вкупно 2.007 објави преку СЕИ-Нет;
- Инфлацијата во 2021 година забележа вредност од 4,9%[4];

- Се задржа политиката на стабилен девизен курс;

- Институционалната пазарна инфраструктура беше функционална и ефикасна без никакви забележани позначајни предизвици.

[4] НБРСМ - Најнови макроекономски показатели јануари 2022 година

3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2021 година беа:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2021 година изнесуваше 12.853.500.604 денари (околу 208,60 милиони евра) и бележи зголемување од 56,84 % во споредба со 2020 година;
- Остварениот промет на класичното тргување во 2021 година изнесуваше 6.736.800.362 денари[5] (околу 109,31 милиони евра), што е за 12,52% повеќе во споредба со 2020 година;
    - Прометот остварен со акции во 2021 година изнесуваше 5.395.274.034 денари (околу 87,55 милиони евра), што е за 5,03% намален во споредба со 2020 година;
    - Во 2021 година е остварен промет со обврзници од 1.341.526.328 денари (околу 21,76 милиони евра) и бележи зголемување за 371,97% во споредба со 2020 година;
- Во 2021 година на Берзата се реализирани 181 блок трансакција (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од 6.070.010.376 денари (околу 98,54 милиони евра) што е зголемување од 197,27% во споредба со 2020 година;
- Во 2021 година реализирани се 3 трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции во сопственост на државата во вкупна вредност од 270.322 денари;
- Во 2021 година реализирани се 3 трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции на големи пакети во вкупна вредност од 37.551.544 денари (околу 610 илјади евра);
- Во 2021 година на Берзата се реализирани 16 трансакции на сегментот на јавни понуди на хартии од вредност во вкупна вредност од 8.868.000 денари (околу 144 илјади евра);
- Во структурата на прометот доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со 51,36% учество во вкупниот промет на Берзата во 2021 година. Тргувањето со хартиите од вредност преку блок трансакции има учество од 47,22%, додека тргувањето со некотираните хартии од вредност во 2021 година беше незначително (околу 1,05%);
- На крајот на 2021 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на 96 друштва, од кои 25 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација, 67 друштва на подсегментот Задолжителна котација и 4 друштва долгорочно суспендирани од котација;
- Пазарната капитализација на котираните акции на 30.12.2021 година достигна 218 милијарди денари (околу 3,55 милијарди евра, што изнесува околу 30,3% од БДП и бележи зголемување од 21,92% во споредба со 2020 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува 18,32 милијарди денари (297,87 милиони евра) и бележи пораст од околу 37,0% во споредба со 2020 година;
- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 30.12.2021 година изнесуваше 6.153,48 што е за 30,79% повисоко во однос на вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2020 година кога изнесуваше 4.704,85.

[5] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

Сумарно, 2021 година може да се оцени како успешна година со остварени над 208,60 милиони евра вкупен промет (најголем во изминатите 10 години), пораст на МБИ10 индексот за 30,79%, како и пораст од 12,52% кај прометот од класичното тргување.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2021 и 2020 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за овие две последователни години.

Промет (Денари)	Јануари - Декември 2020	Јануари - Декември 2021	% промена
КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ	5.987.273.498	6.736.800.362	12,52
АКЦИИ	5.681.114.611	5.395.274.034	-5,03
ОБВРЗНИЦИ	284.241.135	1.341.526.328	371,97
ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ	21.917.753	0	-
ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)	24.338.510	27.274.495	12,47
ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ	92	83	-9,78
БЛОК ТРАНСАКЦИИ	2.041.918.796	6.070.010.376	197,27
ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА	0	270.322	-
ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ	0	37.551.544	-
ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ	166.283.545	8.868.000	-94,67
ВКУПНО	**8.195.475.839**	**12.853.500.604**	**56,84**
БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ			
КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ	22.575	20.444	-9,43
БЛОК ТРАНСАКЦИИ	109	181	66,06
ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА	0	3	-
ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ	0	3	-
ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ	5	16	220,00
ВКУПНО	**22.689**	**20.647**	**-9,00**
ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари)			
ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ	183.150.945.751	223.887.377.263	22,24
БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ	179.008.903.436	218.250.744.638	21,92
ПАЗАР НА АДПОИ	4.142.042.315	5.636.632.625	36,08
ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ	13.363.516.830	18.318.883.856	37,08
ПАЗАРНА КАП. НА ДРУГИ ХВ	313.104.155	312.666.183	-0,14
ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА	**196.827.566.736**	**242.518.927.301**	**23,21**
МБИ10	**4.704,85**	**6.153,48**	**30,79**
ОМБ	**133,01**	**133,62**	**0,46**
БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА	**100**	**96**	**-4,00**
БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ	**246**	**247**	**0,41**

Воедно, презентираме и споредбен приказ на вкупниот берзански промет во последната деценија.

Споредбен приказ на остварениот вкупен промет на Берзата во изминатите десет години (во денари)



3.2. Класично тргување (БЕСТ систем)

Во текот на 2021 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од 6.736.800.362 денари (околу 109,31 милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2021 година, во продолжение презентираме табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2021 година.

Месец	Официјален пазар			Редовен пазар		Промет во денари	Промет во ЕВРА	Бр. на трансакции	Бр. на ден. на трг.
	Акции	Обврзници	Други ХВ	Акции	Обврзници				
Јануари	391.485.610	366.314	0	1.484.764	0	393.336.688	6.387.803	1.510	17
Февруари	586.330.161	417.838.743	0	287.440	0	1.004.456.344	16.281.033	2.513	20
Март	317.713.321	102.604.994	0	3.977.653	0	424.295.968	6.877.498	1.453	23
Вкупно Q I	1.295.529.092	520.810.051	0	5.749.857	0	1.822.089.000	29.546.334	5.476	60
Април	509.236.654	20.345.734	0	671.852	0	530.254.240	8.607.031	1.668	21
Мај	385.415.829	4.867.804	0	1.369.962	0	391.653.595	6.363.517	1.513	18
Јуни	471.128.269	60.406.330	0	6.910.170	0	538.444.769	8.729.421	1.390	21
Вкупно Q II	1.365.780.752	85.619.868	0	8.951.984	0	1.460.352.604	23.699.969	4.571	60
Јули	455.003.909	27.091.759	0	1.224.356	0	483.320.024	7.849.698	1.296	22
Август	454.619.460	223.805.064	0	17.951.696	0	696.376.220	11.324.272	2.017	21
Септември	417.842.670	72.876.257	0	12.707.414	0	503.426.341	8.171.499	2.081	21
Вкупно Q III	1.327.466.039	323.773.080	0	31.883.466	0	1.683.122.585	27.345.469	5.394	64
Октомври	525.789.679	32.624.684	0	13.049.600	0	571.463.963	9.263.154	1.775	20
Ноември	367.173.180	55.456.945	0	22.451.304	0	445.081.429	7.214.247	1.579	22
Декември	377.969.332	323.241.700	0	53.479.749	0	754.690.781	12.236.944	1.649	21
Вкупно Q IV	1.270.932.191	411.323.329	0	88.980.653	0	1.771.236.173	28.714.345	5.003	63
	5.259.708.074	1.341.526.328	0	135.565.960	0	6.736.800.362	109.306.117	20.444	247

Движење на прометот по месеци во 2021 година (во денари)



Движењето на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата во последната деценија е даден подолу:

Споредбен приказ на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата
во изминатите десет години (во денари)



3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2021 година (6,60 милијарди денари) е остварен преку 20.277 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 97,99%. Од тоа, 5,26 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (79,68%) при што се склучени 18.719 трансакции, прометот со обврзници изнесува 1,34 милијарди денари (20,32%) и истиот е остварен преку 1.558 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (135,56 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2021 година со 2,01% и 167 трансакции. Прометот остварен на Редовниот пазар на Берзата со акции на Слободниот пазар изнесува 88,53 милиони денари (65,30%) при што се склучени 153 трансакции, додека прометот остварен на со акции на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување изнесува 47,04 милиони денари (34,70%) при што се склучени 14 трансакции.

Структура на прометот



Структура на остварени трансакции

3.4. Блок трансакции

Административски блок трансакции

Во 2021 година на Берзата беа пријавени вкупно 18 административски блок трансакции во вкупна вредност од 3.313.627.949 денари (околу 53,82 милиони евра).

		Промет (денари)	Промет (Евра)	Број на трансакции
Официјален пазар	Берзанска котација	229.338.180	3.721.129	9
	Задолжителна котација	17.601.425	285.459	3
Редовен пазар	Слободен пазар	3.066.688.344	49.815.662	6
Вкупно		3.313.627.949	53.822.250	18

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 12 блок трансакции во вкупна вредност од 246,94 милиони денари (4 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 6 блок трансакции во вкупна вредност од 3,06 милијарди денари (49,82 милиони евра).

Системски блок трансакции

Во 2021 година на Берзата беа склучени вкупно 163 системски блок трансакции во вкупна вредност од 2.756.382.427 денари (околу 44,72 милиони евра).

		Промет (денари)	Промет (Евра)	Број на трансакции
Официјален пазар	Супер котација	1.773.058.375	28.756.116	78
	Берзанска котација	518.717.710	8.419.444	54
	Задолжителна котација	440.517.512	7.149498	26
Редовен пазар	Слободен пазар	24.088.830	391.354	5
Вкупно		2.756.382.427	44.716.412	163

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 158 блок трансакции во вкупна вредност од 2,73 милијарди денари (44,32 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 5 блок трансакции во вкупна вредност од 24 милиони денари (390 илјади евра).

3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет[6]

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека 421.884.541 денари (околу 6,86 милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (3,48%), додека 630.303.096 денари (околу 10,25 милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (5,20%).

Учество на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет на Берзата во 2021 година

3.6. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

Македонски Берзански Индекс – МБИ10



- вредност на МБИ10 на 30.12.2021 изнесува 6.153,48 индексни поени, што значи зголемување од 30,79% во споредба со вредноста на индексот постигната на 30.12.2020 година (4.704,85 индексни поени).
- највисока вредност на МБИ10 во 2021 година е постигната на 30.12.2021 година (6.153,48 индексни поени).
- најниска вредност на индексот во 2021 година е постигната на 04.01.2021 година (4.710,31 индексни поени).

Датум на извршена ревизија	*Вид на ревизија*	*Состав на индексот*	*Забелешка*
15.06.2021	Редовна ревизија на индексот МБИ10	Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје,	Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.06.2021 година.
15.12.2021	Редовна ревизија на	Стопанска банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје,	Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.12.2021 година

[6] При пресметување на учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните понуди на хартии од вредност и блок трансакцијата со акциите на Интеранционален картичен систем АД Скопје.

	индексот МБИ10	Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје

Процентуална промена на цените на елементите на МБИ10 во 2021 година



Вредност и процентуална промена на МБИ10 од неговото воведување по години (со состојба 31.12)



Индекс на обврзници – ОМБ



- вредност на ОМБ на 30.12.2021 изнесува 133,62 индексни поени, што значи зголемување од 0,46% во споредба со вредноста на индексот постигната на 30.12.2020 година (133,01 индексни поени).
- највисока вредност на ОМБ во 2021 е постигната на 09.06.2021 година (134,08 индексни поени).
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2021 е постигната на 04.01.2021 година (133,01 индексни поени).

Датум на извршена ревизија	Вид на ревизија	Состав на индексот	Забелешка
26.02.2021	Вонредна ревизија на индексот ОМБ	RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17, RMDEN18 и RMDEN19	Датум на имплементација на извршената ревизија беше 01.03.2021 година.
15.06.2021	Редовна ревизија на индексот ОМБ	RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17, RMDEN18 и RMDEN19	Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.06.2021 година.
31.08.2021	Вонредна ревизија на индексот ОМБ	RMDEN12, RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17, RMDEN18, RMDEN19 и RMDEN20	Датум на имплементација на извршената ревизија беше 01.09.2021 година.
15.12.2021	Редовна ревизија на индексот ОМБ	RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17, RMDEN18, RMDEN19 и RMDEN20	Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.12.2021 година.

3.7. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2021 година е реализиран преку активностите на 10 членки на Берзата.
Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2021 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции, каде е прикажана само куповната страна.

Учество на членките на Берзата во реализираниот промет

Членка	Членка	Класично тргување	% Класично	Блокови	% Блокови	Јавни берзански аукции	% Јавни берзански аукции	Јавна понуда на ХВ	% Јавна понуда на ХВ	Вкупно
Комерцијална банка Скопје	KB	2.425.368.911	18	5.779.795.348	47,61	37.551.544	49,82	2.796.000	15,76	8.245.511.803
Еурохаус АД Скопје	EH	3.483.676.962	25,86	2.672.314.856	22,01	17.388.000	23,07	5.000.000	28,19	6.178.379.818
ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС Скопје	IL	3.146.200.245	23,35	1.350.924.249	11,13	20.163.544	26,75	0	0	4.517.288.038
ИНВЕСТБРОКЕР Скопје	MI	1.162.102.747	8,63	1.511.071.625	12,45	203.200	0,27	7.940.000	44,77	2.681.317.571
НЛБ Банка Скопје	TN	895.859.665	6,65	309.150.975	2,55	0	0	0	0	1.205.010.640
ТТК Банка Скопје	TK	830.847.281	6,17	353.748.120	2,91	0	0	0	0	1.184.595.401
ИНОВО БРОКЕР Скопје	IN	580.209.096	4,31	75.670.320	0,62	67.122	0,09	0	0	655.946.538
Фершпед Брокер Скопје	FR	391.922.736	2,91	81.135.000	0,67	0	0	0	0	473.057.736
Стопанска банка Скопје	SB	460.728.834	3,42	0	0	0	0	0	0	460.728.834
Шпаркасебанка Скопје	SP	96.684.246	0,72	6.210.260	0,05	0	0	2.000.000	11,28	104.894.506
Вкупно		13.473.600.723	100	12.140.020.752	100	75.373.410	100	17.736.000	100	25.706.730.886



Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Комерцијална банка АД Скопје со учество од 32,08%. На второ и трето место се Еурохаус АД Скопје и Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 24,03% и 17,57%, соодветно во 2021 година.

4. КОТАЦИЈА

4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2021 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 100 акционерски друштва со пазарна капитализација од 179,01 милијарди денари, како и 168 обврзници со пазарна капитализација од 13,63 милијарди денари.

На крајот од 2021 бројот на котираните друштва се намали на 96, но со пораст на пазарната капитализација на 218,25 милијарди денари, што претставува зголемување од 21,92%. На крајот од 2021 година бројот на котирани обврзници се зголеми на 188 (185 државни обврзници и 3 корпоративни обврзници) со пазарна капитализација од 18,32 милијарди денари, што претставува зголемување од 37,08%. Треба да се напомене дека во пресметката на пазарната капитализација на обврзниците се земаат само оние со кои имало тргување (од континуирани државни обврзници се тргуваше само со 3 обврзници). На подсегментот Берзанска котација – други хартии од вредност е котирана една перпетуална обврзница која на крајот од 2021 година имаше пазарна капитализација од 312,67 милион денари.

4.2. Котација на нови хартии од вредност

4.2.1. Котација на структурни државни обврзници

Во текот на 2021 година по добиено барање и доставен проспект од страна на Министерството за финансии на РСМ беа котирани 2 државни обврзници (Деветнаесетата емисија на обврзниците за денационализација и Дваесеттата емисија на обврзниците за денационализација). Вкупниот износ на двете емисии е 19,5 милиони евра.

4.2.2. Котација на континуирани државни обврзници

Согласно потпишаниот Договор помеѓу Министерството за финансии на РСМ и Македонска берза АД Скопје, во 2021 година на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, беа применети на котација 21 емисии на државни обврзници, со вкупна номинална вредност од 32.813.210.000 денари. Во истиот период во 7 наврати беше извршено проширување на 6 претходно котирани емисии на обврзници во номинален износ од 5.343.740.000 денари.

4.2.3 Котација на корпоратини обврзници

На Официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје, на подсегментот Берзанска котација на крајот на 2021 година котираат 3 корпоративни обврзници со пазарна капитализација од 400,46 милиони денари. Тоа се обврзниците од Централна кооперативна банка АД Скопје - конвертибилни обврзници, ТТК банка АД Скопје - корпоративна обврзница од I емисија и II емисија.

4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност

- Заради достасување, на 01.06.2021 беше отстранета од тргување Десеттата емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN10) издадена од Република Северна Македонија.
- Заради достасување, беа отстранети 5 емисии на континуирани обврзници издадени од Република Северна Македонија во вкупна номинална вредност од 3.979.370.000 денари.
- Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 14.01.2021 година донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Карбо Нова АД Крива Паланка, поради стечај на друштвото.
- Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 14.01.2021 донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Агроплод АД Ресен поради извршена трансформација на друштвото во ДООЕЛ.
- Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 12.07.2021 година донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од РЖ Институт АД Скопје, поради стечај на друштвото.
- Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 04.08.2021 година донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Охридска банка АД Скопје, поради престанок на друштвото како резултат на извршена статусна промена - присоединување.

4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

Долгорочна суспензија од котација

Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 24.12.2020 година донесе одлука на друштвата АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, Идевелоп АД Скопје и Благој Туфанов АД Радовиш, кои претходно со Одлука на Одборот на директори од 06.11.2020 година беа внесени во Листата за набљудување согласно член 57 Правилата за котација, заради посериозни непостапувања за кои во долг временски период им се изрекувани низа на мерки да им изрече мерка Суспендирање од котација-долгорочна суспензија, согласно член 59 од Правилата за котација. Примената на мерката долгорочна суспензија од котација започна од 01.02.2021 година.

Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 23.04.2021 донесе одлука за суспендирање од котација-долгорочна суспензија, почнувајќи од 26.05.2021 година на друштвото Трудбеник АД Охрид.

Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментот Берзанска котација

Одборот на директори на Берзата изрече 8 мерки укажување од Главен извршен директор на 7 котираните друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Одборот на директори на Берзата изрече 6 мерки укажување од Одбор на директори на 6 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Одборот на директори на Берзата изрече 2 мерки опомена од Одбор на директори на 2 котирани друштва заради непочитување на одребите од Правилата за котација.

Преземени мерки кон друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација



Привремен прекин со тргување на акции

На 17.02.2021 по налог од Комисијата за хартии од вредност, Македонска Берза времено го прекина тргувањето со акциите на ЗК Пелагонија АД Битола, во очекување на објава од страна на издавачот во врска со порастот на цената на акциите. По извршената објава од страна на ЗК Пелагонија АД Битола преку СЕИ-Нет на 18.02.2021, тргувањето со акциите продолжи на 19.02.2021 година.

На 09.04.2021 година Македонска берза времено го прекина тргувањето со акциите издадени од Реплек АД Скопје, во очекување друштвото да објави одлуки од собранието на акционери наведени во член 39 став 7 од Правилата за котација. Тргувањето со акциите беше прекинато се' до објавата преку СЕИ-Нет на содржината на одлуките заради кои беше извршен прекин на тргувањето, после што тргувањето со акциите издадени од Реплек АД Скопје беше продолжено во текот на истиот ден.

Листа за набљудување

На Листата за набљудување се внесуваат издавачи кои котираат на Официјалниот пазар поради:
а) изречена мерка од страна на Берзата - во случаи на посериозно непостапување од страна на издавачот согласно барањата утврдени во Правилата за котација;
или
б) обрнување на внимание на инвеститорската јавност за определени актуелни состојби поврзани со конкретниот издавач - во случаи на поспецифични ситуации поврзани со хартиите од вредност или со работењето на издавачот.

Во Листата за набљудување на веб страната на Берзата во 2021 беа внесени 3 котирани друштва, согласно член 61-а од Правилата за котација заради информирање на инвеститорите дека треба да обрнат внимание на одредени специфични ситуации поврзани со нивните хартии од вредност или пак за издавачот:

- На 14.01.2021 година Одборот на директори на Берзата донесе заклучок за внесување на издавачот Скопски пазар АД Скопје на „Листата за набљудување", согласно член 61-а од Правилата за котација поради тоа што до друштвото е доставена Намера за објавување на понуда за преземање на сите обични акции со право на глас издадени од Скопски пазар АД Скопје.
- На 26.03.2021 година Одборот на директори донесе заклучок за внесување на издавачот РЖ Институт АД Скопје на „Листата за набљудување", поради тоа што е поведена претходна постапка за испитување на условите за отварање на стечајна постапка над друштвото.
- На седницата одржана на 21.12.2021 година Одборот на директори на Берзата донесе заклучок за внесување на издавачот Сковин АД Скопје на „Листата за набљудување" – согласно член 61-а од Правилата за котација.

Во текот на 2021 од Листата за набљудување на веб страната на Берзата беа отстранети 6 котирани друштва:

- На 04.01.2021 година Берзата изврши бришење на издавачот Агроплод АД Ресен од „Листата за набљудување" поради тоа што друштвото ја заврши постапката за трансформација во ДООЕЛ.
- На 14.01.2021 година се изврши бришење на издавачот Карбо Нова АД Крива Паланка од „Листата за набљудување" поради стечај на друштвото.
- На 26.01.2021 година Берзата изврши бришење на издавачот Либерти АД Скопје од „Листата за набљудување", поради тоа што е завршена јавната понуда за преземање на друштвото од страна на преземачот Либерти Холдко Галати & Скопје Лимитед од Лондон, Обединето Кралство.
- На 11.02.2021 година се изврши бришење на издавачот Сковин АД Скопје од „Листата за набљудување", поради изминување на периодот од три месеци во кои издавачот требаше да се наоѓа на Листата согласно Заклучокот на Одборот на директори за обрнување внимание на инвеститорската јавност од 10.11.2020 година.
- На 31.03.2021 година Берзата изврши бришење на издавачот Скопски пазар АД Скопје од „Листата за набљудување", поради тоа што е завршена јавната понуда за преземање на друштвото од страна на преземачите Современ дом АД Прилеп и ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје.
- Со донесената Одлука на Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 23.04.2021 година за долгорочно суспендирање од котација на Трудбеник АД Охрид, се укина Одлуката од 09.11.2020 година за внесување на Трудбеник АД Охрид на Листата на набљудување.

Во продолжение е Листата за набљудување на веб страната на Берзата со состојба на 31.12.2021 година.

ИЗДАВАЧИ СО ПОСПЕЦИФИЧНИ СИТУАЦИИ И НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЛИ НИВНОТО РАБОТЕЊЕ				
Датум на внесување	Издавач	Шифра на ХВ	Основ за внесување	Причина за внесување
11.11.2020	ЖАС АД Скопје	ZAS	член 61-а од Правила за котација	објава на издавачот дека нема деловна активност објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка
11.11.2020	Агромеханика АД Скопје	AMEH	член 61-а од Правила за котација	објава на издавачот дека нема деловна активност
11.11.2020	РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје	RZIT	член 61-а од Правила за котација	објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка
11.11.2020	Стокопромет АД Скопје	STOK	член 61-а од Правила за котација	објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка
21.12.2021	Сковин АД скопје	SKOV	член 61-а од Правила за котација	објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка објава на издавачот дека нема деловна активност

4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет

Објави на СЕИ-Нет во 2021	Супер котација и Берзанска котација	Задолжителна котација	Вкупно
Број на котирани друштва	*25*	*71*	*96*
Други ценовно чувствителни информации	295	463	758
Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување	179	420	599
Објави поврзани со финансиски извештаи	198	419	617
ВКУПНО	672	1302	1974

Во текот на 2021 година беа направени и 33 објави преку СЕИ-Нет од страна на друштва кои беа исклучени од котација во текот на годината, со што бројот на вкупни објави преку СЕИ-Нет е 2007 објави.

4.6. Измени и дополнувања на Правилата за котација

Одборот на директори на Берзата на 20.09.2021 година донесе Измени и дополнувања на Правилата за котација на Македонска берза за коишто е добиена согласност со Решение на Комисијата за хартии од вредност од 07.10.2021 година. Од 26.10.2021 година отпочна да се применуваа Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за котација, а паралелно со овие измени на Правилата за котација усвоен е и нов Кодекс за корпоративно управување на котираните друштва на Берзата. Измените на Правилата за котација во најголем дел се поврзани со овој Кодекс.

Списокот на котирани друштва кои ги исполнуваат условите Берзата го објавува на својата интернет страница. Почетното определување на друштвата кои имаат обврска за примена на Кодексот е извршено на 01.11.2021 година.

На 31.12.2021 година стапија во сила најновите измени на Правилата за котација на Македонска берза, усвоени од Одборот на директори на Берзата на 21.12.2021 година, а за коишто е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност на 27.12.2021 година. Овие најнови измени на Правилата за котација се поврзани со начинот и динамиката на имплементација на новиот Кодекс за корпоративно управување од страна на котираните акционерски друштва на Берзата, кои согласно член 42-а и член 63-а од Правилата за котација, со состојба 01.11.2021 година ги исполнуваат критериумите за примена на истиот.

Измените и дополнувањата на Правилата за котација дефинираат критериуми според кои ќе се определуваат котираните друштва кои во иднина ќе треба да известуваат согласно новиот Кодекс за корпоративно управување. Котираните друштвата кои нема да ги исполнат предвидените критериуми можат доброволно да изберат да го применат Кодексот.

Кодексот за корпоративно управување го применува издавачите чии акции котираат на Официјалниот пазар на Берзата на сите пазарни подсегменти што на 31.12 секоја тековна година исполнуваат најмалку три од следните четири услови:

- пазарна капитализација во вредност од најмалку 5.000.000 евра;
- најмалку 100 акционери;
- најмалку 5% распространетост на родот на акциите во јавноста и
- со акциите на издавачот се тргувало во најмалку 30% од вкупниот број на денови на тргување во тековната година.

Берзата ќе го пресметува исполнувањето на наведените услови и ќе ги известува издавачите за исполнувањето, односно за престанокот на исполнувањето на истите.

Со направените измени императивната обврска за промптна примена на Кодексот се трансформира во опција за друштвата. Котираните акционерски друштва самостојно, врз основа на нивната проценка и деловна политика ќе одлучат дали во нивните годишни извештаи за работење во 2021 година (што ќе ги усвојуваат во 2022 година) ќе известат за досегашната примена на корпоративните практики предвидени во новиот Кодекс.

Ова нормативно решение е донесено согласно барањата на дел од котираните друштва кои во два наврати реагираа преку Стопанската комора. По истекот на 2022 година примената на Кодексот ќе биде задолжителна за сите друштва што ќе ги исполнуваат пропишаните критериуми.

Кодекс за корпоративно управување

Во новиот Кодекс за корпоративно управување се вградени најсовремени добри меѓународни практики и тој ќе има повеќекратни позитивни долгорочни импликации во работењето и имиџот на котираните акционерски друштва. Кодексот беше заеднички проект на Берзата и Комисијата за хартии од вредност за кој беше добиена техничка помош од Европската банка за обнова и развој.

За разлика од применувањето на законската и подзаконската регулатива, како и на Правилата за котација на Берзата, применувањето на новиот Кодекс се базира на принципот „примени или појасни зошто не си применил". Овој принцип има за цел да им овозможи на друштвата одредена флексибилност при имплементирање на практиките утврдени и пропишани во новиот Кодекс.

Најголем дел од практиките предвидени во новиот Кодекс се соодветни за повеќето котирани друштва, но сепак можно е да има околности поради кои во поединечни случаи некоја практика нема да биде соодветна за примена кај друштвата, за што самите друштва треба да донесат соодветна проценка. Во случаите кога друштвата ќе одлучат да усвојат нови практики утврдени и/или препорачани во новиот Кодекс, ќе им треба определено време да го сторат тоа, особено таму каде што ќе бидат потребни измени во органите на управување или каде што би имало финансиски или други импликации за друштвата. Во други околности, друштвата можат да изберат да не применат практики од Кодексот и да дадат појаснување за причините за таквата одлука.

Со цел презентација на новиот Кодекс, учесниците во изработката на новиот Кодекс за корпоративно управување организираа неколку вебинари за котираните друштва.

На 17.11.2021 година беше организиран вебинар преку Zoom апликацијата со цел детално претставување на начинот на примена на Кодексот и подготовка за примена на Кодексот преку користењето на пропишаните форми на известување. Дополнително, на 02.12.2021 година беше организиран уште еден вебинар преку Zoom апликацијата со котираните друштва кои имаат обврска до го применуваат Кодексот. Претходно, на 15.11.2021 година преку Zoom апликацијата, на сите останати котирани друштва кои не ги исполнуваа условите за задолжителна примена на Кодексот, им беа презентирани предностите од примена на најдобрите практики од Кодексот за добро корпоративно управување.

Согласно член 42-а и член 63-а од Правилата за котација Берзата ги определи друштвата кои треба да го применуваат Кодексот за корпоративно управување на Македонска берза и истите ги извести за ова. Берзата го објави списокот на овие акционерски друштва на својата интернет страница. Во продолжение е листата на друштва:

1. Алкалоид АД Скопје
2. ВВ Тиквеш АД Кавадарци
3. Витаминка АД Прилеп
4. Гранит АД Скопје
5. ЗК Пелагонија АД Битола
6. Интерпромет АД Тетово
7. Комерцијална Банка АД Скопје
8. Либерти АД Скопје
9. Македонија осигурување АД Скопје
10. Македонијатурист АД Скопје
11. Македонски Телеком АД Скопје
12. Макпетрол АД Скопје
13. Макстил АД Скопје
14. НЛБ Банка АД Скопје
15. ОКТА АД Скопје
16. Прилепска пиварница АД Прилеп
17. Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје
18. Реплек АД Скопје
19. Стопанска банка АД Битола
20. Стопанска банка АД Скопје
21. Тетекс АД Тетово
22. ТТК Банка АД Скопје
23. Тутунски комбинат АД Прилеп
24. УНИ Банка АД Скопје
25. Фершпед АД Скопје
26. Цементарница УСЈЕ АД Скопје
27. Централна кооперативна банка АД Скопје

Активности поврзани со проекти со ЕБОР за инвестициски анализи

Во 2021 година продолжија активностите во рамките на соработката на Македонска берза со ЕБОР во врска со изготвување на инвестициски анализи за котираните компании од регионот на Југоисточна Европа, од страна на претходно селектираниот контрактор - WOOD & Company.

Во текот на 2021 година беа објавени 7 инвестициони анализи за котираните компании од Македонска Берза кои учествуваат во проектот (Комерцијална банка АД Скопје, Алкалоид АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје. За котирано друштво Комерцијална банка АД Скопје беа објавени 3 анализи, за НЛБ банка АД Скопје се објавија 3 анализи и за Алкалоид АД Скопје една инвестициона анализа. Со оглед на значајниот раст на цените на акциите на компаниите во текот на 2021 препораките кои беа составен дел на овие анализи се трансформираа од "чувај" во"продај" за Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ банка АД Скопје, додека за Алкалоид АД Скопје препораката согласно последната инвестициона анализа е "чувај". Останува заклучокот дека овие инвестициони анализи имаа импакт на динамиката на тргувањето со овие акции на Берзата.

Избор на акционерски друштва – кандидати за доделување на наградата Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2021 година

Во текот на 2021 година, беа спроведени активностите за избор на кандидати за доделување на наградата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2021 година".

При разгледувањето на транспарентноста и објавувањето на информации на котираните друштва преку СЕИ-Нет, Кандидационата комисија ја имаше предвид нивната транспарентност во текот на 2021 година, особено бројот на објавените известувања преку СЕИ-Нет и нивниот квалитет, квалитетот на објавениот годишен извештај за работењето на друштвото, квалитетот на интернет страницата на друштвото и др.

По спроведување на наведеното се продолжи со активностите во насока на гласање од страна на учесници во изборот: пазарни учесници и медимуите, по што беа избрани добитниците на наградата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво " за 2021 година во двете категории.

Во 2021 година се промени начинот на изборот, т.е. кандидационата комисија номинираше 10 кандидати за најтранспарентно котирано акционерско друштво, а од номинираните 10 кандидати се бираа две награди - најтранспарентно котирано акционерско друштво по избор на пазарните учесници и по избор на новинарите.

За најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2021 година во двете категории беше избран Алкалод АД Скопје.

5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ

Берзата редовно спроведуваше и други активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- воспоставување и отстранување на ценовни ограничувања (статички лимити) и оперативни активности по тој основ, согласно измените во Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- внес на нови хартии за тргување во БЕСТ системот по барање на членки на Берзата, на подсегментот Слободен пазар (беа внесени 39 нови хартии од вредност);
- Согласно податоците од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, беа блокирани акции издадени од 4 друштва;
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за поддржувачи на ликвидност, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, достасување на обврзници, отворени стечајни постапки над друштва, ненавремено објавување на одлуки од собрание на акционери, преобразба на друштво од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност и др.);
- промена на назив на друштва;
- изготвување и објава на календар на денови на тргување;
- ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар од состојба „тргува" во состојба „отстранета";
- беа започнати активности за воведување на нова софтверска верзија на БЕСТ системот, која содржи можности за воведување на нови видови на налози (стоп налози и пазарни во лимитирани налози), со кои би се овозможило членките на Берзата да имаат поголеми можности и начини за реализација на налозите од клиентите согласно нивните потреби. Беше извршено обемно тестирање на новата верзија на БЕСТ системот, како и усогласување на Правилата за тргување на Берзата поради измените кои ќе настанат.

6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на целата 2021 година редовно беа изготвувани надзорни прегледи за структурата и динамиката на прометот на дневно, неделно и месечно ниво, со цел што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови.

Берзата продолжи и со започнатите наменски вонтеренска контроли на членките од аспект на начинот на користење на налозите по најповолна цена и лимитираните налози со инструкции, како и начинот на нивна реализација од аспект на почитување на одредбите од Правилата за тргување (при што се имаа предвид и дејствијата кои не се дозволени при реализација на овие налози-вкрстени налози по најповолна цена, вкрстување налози од лица вработени во членката со налози по најповолна цена, користење на налози по најповолна цена при формирање на групна сметка или при реализирање на трансакции од Анекс 1 од Правилата за тргување на Берзата).

Беше изработен збирен „Извештај од вонтеренските контроли на работењето на членките на Македонска берза АД Скопје" и истиот беше разгледан и усвоен од страна на Одборот на директори на Берзата. Во извештајот беа опфатени информации за членките кај кои беше извршена контрола (сите 10 членки на Берзата), методот на контрола, контролираните области, информација за добиените коментари на записниците од страна на членките, информација за генералните констатации од спроведените контроли, утврдените наоди од контролите, како и за активностите кои Берзата ги презема, а се поврзани со спроведените контроли. Врз основа на наодите од вонтеренската контрола беше отворена дисциплинска постапка против една членка.

Во рамките на надзорните активности на Берзата во 2021 година, истите беа насочени кон следење на активностите на неколку многу активни инвеститорски сметки кај кои беа забележани фреквентни вкрстени тргувања, примарно реализирани преку системски блок трансакции. Беше регистрирана и релативно висока концентрација на прометот кај неколку поликвидни хартии од вредност на пазарот.

За надзорните активности на Берзата континуирано беше известувана и Комисијата за хартии од вредност како регулатор и контролор на пазарот на хартии од вредност.

7. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

7.1 Активности поврзани со апликацијата Broker Office

Во текот на 2021 година во делот на активностите поврзани со одржувањето на апликацијата за позадинско брокерско работење покрај редовната поддршка на брокерските куќи, се имплементираа и пуштија во употреба неколку нови верзии кај сите членки кои ги содржат следниве нови функционалност и тоа:

- креирање на XLM извештај за потребите на системот за известување на КХВ,
- одбележување на налозите по најповолна цена со посебна боја во прозорецот „Пазар по налози",
- предупредување за можно вкрстување на налог по најповолна цена пред внес на самиот налог,
- нов извештај за активни налози на странски пазари, и
- избор кои типови на налози ќе се користат од страна на брокерската куќа (функционалност која претставува подготовка на системот за миграција на новата верзија на БЕСТ системот).

Исто така, кај две членки се имплементираа функционалности поврзани со работа на странски пазари.

7.2. Миграција на БЕСТ системот на нова верзија

Во текот 2021 година во соработка со партнерите од берзата во Бања Лука започна подготвителната фаза за миграција на нова верзија на БЕСТ системот. Во првата фаза се направи целосна споредба на двата изворни кодови на старата и новата верзија, при што се лоцираа сите места каде е потребно усогласување на новата верзија со постојните функционалности на сегашната верзија на БЕСТ. По констатација на разликите се пристапи кон модификација на последната верзија на системот за тргување, при што се имплементираа сите специфики кои се однесуваат на потребите на нашата Берза. При тоа, во договор со берзата од Бања Лука, се креираше нова верзија на системот за тргување која ќе се употребува од двете берзи.

По завршената имплементација на бараните промени, се креираше тест окружување на кое се инсталира новата верзија на системот за тргување, како и три инстанции на апликацијата Broker Office, преку кои ќе се реализираат сите тест сценарија. Во текот на тестирањето беа согледани сите нови функционалности. Особено, во овој дел, се тестираа новите типови на налози, како и начинот на нивното извршување. Во текот на овие тестирање се воочија неколку дилеми кај новиот тип на налог „Пазарен во лимит". Со цел опфаќање на сите можни ситуации за налогот „Пазарен во лимит" беа имплементирани две нови системски подесување со кои потенцијално се покриваа сите можности за детално дефинирање на истиот во новите правила за тргување. Во текот на понатамошните тестирања не беа воочени никакви проблеми, како од аспект на новите типови на налози, така и од другите сегменти поврзани со секојдневното работење на БЕСТ системот.

Во делот на подготовките за имплементација на новата верзија во продукција, се пристапи кон креирање на план за миграција на нова верзија кој опфаќа неколку сегменти, при што првично се изврши проценка на другите системи од процесот на воведување на нова верзија на БЕСТ. Исто така, се започна со креирање на миграциско сценарио и проценка на времето потребно за миграција на сите афектирани системи од миграцијата на БЕСТ на нова верзија.

7.3. Миграција на нови верзии на различен системски софтвер

Во текот на 2021 година во делот на одржување на системските ресурси беа реализирани повеќе надградби и тоа:

- миграција на системот за backup во заедничкиот дата центар на Берзата и ЦДХВ, со што истиот се постави на најнова достапна верзија,
- надградба на најнова верзија на централниот firewall систем во заедничкиот дата центар на Берзата и ЦДХВ,
- надградба на најнови верзии на сите Linux базирани системи кои се користат од страна на Берзата (mail server, chat server, Zabbix server, Redmine server), и
- надградба на локалните системи за виртуелизација кои се користат за развој и тестирање.

7.4. Активности поврзани со развој на нова верзија на Берза-Нет

Во текот на 2021 година се продолжи со интензивен развој на новата верзија на статистичката апликација БерзаНет. Беа развиени голем број на извештаи кои се користат од страна на вработените во Берзата за реализација на надзор на тргувањето, различни извештаи за статистика од тргувањето како и извештаи кои се користат исклучиво од страна на членките на Берзата. Во завршниот дел од развојот се постави систем за континуирана интеграција и испорака на решението (CI/CD) на тест опкружување.

7.5. Дефкти

Во текот на третиот и четвртиот квартал од 2021 година дојде до расипување на следниве уреди:

- една од двете процесирачки единици на централниот уред за чување на податоци сместен во заедничкиот дата центар на Берзата и Депозитарот. Расипаниот дел беше сменет во рок од 5 работни дена при што уредот се врати во оптимален режим на работа, и
- еден од двата firewall уреди кои се наоѓаат во дата центарот на Берзата. Со цел обезбедување на резерва беше изнајмен адекватен резервен уред. Поради комплексноста на мрежната инфраструктура резервниот уред по негово конфигурирање беше ставен во употреба на почетокот на четвртиот квартал.

7.6. Соработка со други берзи

Во текот на месец септември беше воспоставена комуникација со берзата од Тирана (ALSE) со цел преземање на одржувањето на нивниот систем за тргување од страна на Македонска берза. Колегите од ALSE беа запознаени со ресурсите и капацитетите на Македонската берза во доменот на поддршка на системот за тргување. По ова, во текот на месец декември се потпиша договор за одржување на системот за тргување на берзата од Тирана (ALSE). Исто така, беа преземени следниве активности во врска со воспоставување на редовен процес на одржување на нивниот систем:

- Состанок со колегите од берзата од Тирана и запознавање со нивниот начин на работа како и презентација на нашите ресурси за одржување на системот за тргување;
- Состанок со Новита ДД Љубљана (претходниот одржувач на системот) и преземање на пристапот до продукциското и тест опкружување на системот на берзата од Тирана;
- Креирање на проект и корисници во тикетинг системот за следење на сите барања на колегите од берзата од Тирана.

Во текот на првиот квартал од 2021 година Македонска берза беше контактирана од страна на два берзи (**берзата од Црна Гора и берзата од Бахами кои користат сличен софтвер за тргување и статистичка обработка на податоците од тргувањето**), при што беше побарано да им доставиме понуди за системот за генерирање на извештаи и надзор што е изработен од наша страна. Понудите навремено беа доставени до двете берзи, при што берзата од Бахами делумно ја прифати понудата и побара да се направи систем за креирање на експортни датотеки во SWIFT формат за нивните потреби.

7.7. Обуки за вработените од секторот

Во текот на 2021 година согласно Програмата за работа на Берзата за 2021 година, се реализираа две обуки за новиот систем администратор на Берзата. Првата обука се однесуваше на firewall системот, кој се користи во заедничкиот дата центар на Берзата и ЦДХВ, а втората обука се однесуваше на системот за виртуелизација кој исто така се користи во заедничкиот дата центар на Берзата и Депозитарот.

7.8. Почеток на развој на нова верзија на СЕИ-Нет

Согласно Програмата за работа за 2021 година, во соработка со компанијата Гравитон ДООЕЛ започна изработката на новата верзија на системот СЕИ-Нет која ќе се базира на најнова технологија за развој (Net 5.0, ReactJS). Беше креирано развојно опкружување за сите програмери (два од Гравитон и два од вработените во Берзата). Се постави решението во развојната алатка Visual Studio 2019, се креираше контрола на изворниот код на локалниот сервер за оваа намена. Во делот на развој беа имплементирани почетните генерички класи од кои се изведуваа сите останати класи за имплементација на поединечните категории на податоци. Овие генерички класи се имплементирани во две верзии и тоа класи со генеричка поддршка на локализација и класи без генеричка поддршка на локализација. Воедно беа поставени основите на следниве модули:

- Backend Модул – на овој модул се имплементираа следниве функционалности:
  - Управување со најава на корисници;
  - Управување со корисници;
  - Управување на канали;
  - Управување со работни денови;
  - Управување со издавачи (делумно), типови на издавачи, преземање на датотеки за одредени типови на издавач;
  - Управување урнеци за објава (делумно); и
  - Управување со локализација и јазици.
- Модул за администрација на системот – Во овој сегмент се имплементираа следниве функционалности:
  - Најава на системот со сите безбедносни механизми;
  - Администрација на корисници;

- Приказ на активни корисници во реално време;
- Приказ на обиди за најава;
- Администрација на канали со можност за администрација на структура на мени за јавниот дел на каналот;
- Администрација на издавачи (делумна имплементација);
- Администрација на урнеци за објава (делумна имплементација)
- Администрација на типови на издавачи и преземање на датотеки;
- Администрација на локализација и јазици; и
- Администрација на работни денови.

- Модул за издавачи – Во овој дел се изврши почетна поставка на апликацијата, беше поставено менито и се имплементираше сегментот за најава на системот со сите безбедносни механизми.
- Модул за јавна web страна – Во овој дел се изврши почетна поставка на апликацијата и имплементирано беше креирањето на мени за соодветниот канал. Планирано е оваа апликација да биде поставена повеќекратно во зависност од каналот ги прикажува соодветните објави на издавачите.

Исто така, се постави систем за континуирана интеграција и испорака на решението (CI/CD) на тест опкружување. Испораката на сите промени се врши автоматизирано еднаш во текот на денот и ги содржи сите имплементирани промени кои се додадени во системот за контрола на изворниот код.

7.9. Доекипирање на IT секторот

Во месец ноември 20201, по истекот на периодот на пробна работа, беше склучен договор на определено време со еден помлад програмер кој ќе работи на развој на повеќе програмски решенија изработени со интерни ресурси на Берзата.

8. ЧЛЕНСТВО

Во текот на 2021 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 10 членки на Берзата (5 банки и 5 брокерски куќи), а бројот на овластени брокери за тргување преку БЕСТ системот во текот на годината се намали од 32 брокери на почетокот на годината на 31 брокери на крајот на годината.

Во текот на годината, Берзата остваруваше активна соработка со членките преку одржување на состаноци со цел нивно информирање за новини и измени поврзани со тргувањето со хартии од вредност, како и со цел разменување на идеи и предлози за подобрување на пазарните услови и функционирањето на пазарната инфраструктура. На барање на членките, Берзата организираше полагање на испити за познавање на БЕСТ системот за нововработените брокери и вршеше активирање/суспендирање на правата за користење на БЕСТ системот од страна на овластените брокери. Берзата континуирано обезбедуваше и help-desk поддршка на членките при користење на софтверскиот систем за брокерско работење.

Преглед на активни членки на 31.12.2021 година

Членка	Шифра на членка	Активности кои ги врши членката согласно член 94 и 99 од ЗХВ	Број овластени брокери
Комерцијална банка АД Скопје	KB	сите активности со хартии од вредност	6
НЛБ Банка АД Скопје	TN		4
ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје	MI		3
Шпаркасе банка АД Скопје	SP		2
Стопанска банка АД Скопје	SB		2
Илирика Инвестментс АД Скопје	IL	тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент	3
Еурохаус АД Скопје	EH	инвестициско советување	4

ТТК Банка Скопје	ТК	покровител за котација тргување на странски пазари	3
Иново Брокер АД Скопје	IN	тргување и продавање на хв по налог и	2
Фершпед Брокер АД Скопје	FR	за сметка на клиент покровител за котација тргување на странски пазари	2

9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Правните активности на Берзата во рамките на нејзиното работење во текот на 2021 година сумарно се одбиваа во следните области:

9.1. Годишно собрание на акционери

Седницата на Годишното Собрание на акционери на Берзата се одржа на 28.05.2021 година. Со оглед на фактот дека седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата се одржа во период кога сеуште важеа препораките од Владата на РСМ за начин на одржување настани со присуство на поголем број на лица поради опасноста од ширење на вирусот COVID-19, на акционерите им беше укажано на законската можност за кореспондентско гласање по точките од дневниот ред за седницата. Ваквата законска можност беше искористена од акционерите кои поседуваат повеќе од 22 % од акциите со право на глас издадени од Берзата, додека на седницата присуствуваа лично или преку полномошник 52% од акциите со право на глас издадени од Берзата.

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата беа усвоени одлуки/разгледани материјали од следните области:



9.2. Одбор на директори

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата во 2021 година беше донесена Одлука за избор на неизвршен член на Одборот на директори на Берзата, со цел пополнување на испразнетото место во Одборот поради поднесена оставка од страна на еден од неизвршните членови на Одборот на директори минатата година. За неизвршен член на Одборот беше избрана г-ѓа Ивана Гажиќ, Претседател на Управниот одбор на Загребската берза.

Во текот на 2021 година Одборот на директори одлучуваше на вкупно 17 седници, за чија работа беа подготвувани потребните материјали и беа изработувани донесените акти на Одборот.

Во 2021 година, во законски предвидените рокови согласно Законот за спречување перење на пари и финансирање на тероризам, а со оглед на дисперзирана сопственичка структура на Берзата кадешто нема ниту едно физичко или правно лице кое поседува повеќе од 25% од правата на глас, во Регистарот на вистински сопственици кој се води во Централниот регистар на РСМ, беа пријавени членовите на Одборот како вистински сопственици под индикатор „физичко лице кое на друг начин остварува контрола" во смисла на одредбите од овој закон.

9.3. Резиме за главните стратешки приоритети на Берзата

На почетокот на годината, беше усвоено Резиме на главните стратешки приоритети и активности на Берзата во периодот 2021-2023 година. Ова „Резиме„ беше подготвено согласно заклучокот од претходна тематска седница на Одборот на директори, со цел планирање на идните активности и проекти на Берзата во функција на понатамошен развој на Берзата. Во ова „Резиме" се идентификуваат неколку клучни области на коишто во наредниот период Берзата треба да ги има во предвид при планирањето на идните активности и проекти, и тоа:

- **Одржливост и унапредување на работењето на Берзата**
- **Остварување на синергии преку интеграциски процеси**
- **Постоење на поволна законската регулатива**
- **Развојно партнерство со државните институции и регулаторот на пазарот на хартии од вредност**

9.4. Изменување и дополнување на акти на Берзата и донесување на нови интерни акти

Со цел подобрување на актите на Берзата, нивно прилагодување на нови состојби, усогласување со законските прописи, како и во насока на креирање на поповолен амбиент и воведување на повисоки стандарди на македонскиот пазар на хартии од вредност, во текот на 2021 година беа направени измени и дополнувања на следните акти на Берзата:

ПРАВИЛА ЗА КОТАЦИЈА		
Прва измена		Втора измена
Редефинирање на т.н. free float	Воведување на обврска за известување за примена на новиот Кодекс за корпоративно управување	Одложување на задолжителната примена на Кодексот за корпоративно управување
Со измените и дополнувањата на Правилата за котација се направија измени на критериумите за котација кај секој пазарен подсегмент и тоа во однос на начинот на пресметување на условот за распространетост на акциите во посед на јавноста, а со цел пообјективно дефинирање на овој критериум и поадекватен третман на институционалните инвеститори при пресметката на акциите расположливи за тргување на пазарот.	Со измените и дополнувањата на Правилата се превидоа условите кои треба да бидат исполнети до страна на котираните друштва за да имаат обврска за известување за примена на Кодексот на Берзата во своето работење, според принципот „примени или појасни зошто не си применил„. Согласно измените на Правилата, Берзата врз основа на предвидните услови утврдува кои друштва треба да известат за примена на Кодексот. Исто така, се регулира и начинот на кој друштвата известуваат за исполнување на таквата обврска. Измените на Правилата	Како одговор на две доставени иницијативи од страна на Стопанската комора на Северна Македонија за одлагање на примената на одредбите од Правилата за котација со кои се предвиде обврска за котираните друштва кои ги исполнуваа условите за известување за примена на Кодексот да известат за примена на Кодексот за 2021 година, кон крајот на годината беше направена измена на Правилата за котација во делот на преодните одредби. Во насока предвидената обврска за известување за примена на Кодексот во 2021 година и

	предвидуваат можност и за доброволно известување за примена на Кодексот од страна на оние котираните друштва кои не ги исполнуваат условите за тоа.	понатаму остана, но нејзината примена не е задолжителна за друштвата на кои Кодексот се однесува, туку истата да се применува на доброволна основа од страна на овие друштва.
Измените на Правилата за котација беа одобрени од страна на Комисијата за хартии од вредност и започнаа да се применуваат од 26.10.2021 година.	На 01.11.2021 година, врз основа на утврдените услови во Правилата за котација, Берзата го направи првото утврдување на друштвата кои ги исполнуваат условите за задолжително известување на примена на Кодексот, кои првото вакво известување требаше да го направат за корпоративните практики кои ги применувале во своето работење во 2021 година.	Оваа измена беше одобрена од Комисијата за хартии од вредност и започна да се применува од 31.12.2021 година.

ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

- ✓ Со цел модернизирање на начинот на работење и одржување на седниците на Одборот на директори во насока на соодветно нормирање на начинот на користење на модерни комуникациски платформи во деловното работење, особено во услови кога начинот на одржување на седниците на Одборот на директори на Берзата беше и сеуште е под влијание на превентивните мерки за заштита од опасноста за ширење на вирусот Covid-19, се направија измени и дополнувања на Деловникот за работа на Одборот.
- ✓ Со измените на Деловникот се прецизираа досегашните одредби во Деловникот кои се однесуваат на можноста за одлучување на Одборот на директори без одржување на седница, така што во иднина Одборот на директори ќе може да одлучува без одржување на седница, само доколку сите членови се согласни со предложената одлука или друг акт.

ИЗМЕНА НА АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Во рамки на предвидениот законски рок, Берзата направи усогласување со новиот Закон за заштита на личните податоци, кое подразбираше донесување на следните акти од страна на Одборот на директори:

- ✓ Политика за создавање систем за заштита на лични податоци на Македонска берза АД Скопје;
- ✓ Правила за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на лични податоци.

Врз основа на овластувањата дадени во овие акти, дополнително усогласување со законските одредби беше направено преку донесување на следните акти од страна на Главниот извршен директор:

- ✓ Правила за определување на обврските и одговорностите на Администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко – комуникациската опрема;
- ✓ Правила за видео надзор;
- ✓ Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти;
- ✓ Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
- ✓ Правила за начинот на уништување на документите и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите;
- ✓ Политика за приватност;
- ✓ Политика за колачиња на интернет страната на Берзата.

ИЗМЕНА НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИНДЕКСОТ МБИ10

Измените на Методологијата за пресметување на Македонскиот берзански индекс МБИ10 се направија со цел усоголасување на истата со измените и дополнувањата на Правилата за котација односно усогласување на дефиницијата за пресметување на распространетост на родот на акциите во посед на јавноста при пресметување на МБИ10 индексот со предвиденото во Правилата за котација.

9.5.Кодекс за корпоративно управување

Значаен чекор во подобрување на корпоративите практики на котираните друштва и пресликување на најдобрите меѓународни практики на корпоративно управување преставува донесувањето на новиот Кодекс за корпоративно управување на Берзата кон крајот на Септември 2021година.
Со новиот Кодекс се редефинираше опфатот на котирани друштва коишто имаат обврска за известување на примена на Кодексот преку предвидување на услови за тоа во измените на Правилата за котација направени истовремено со донесување на Кодексот.

Новиот Кодекс претставува модернизиран текст со кој се утврдуваат стандарди за корпоративно управување што се соодветни за големината, структурата и потребите на македонскиот пазар на хартии од вредност. Кодексот ќе се применува според стандардниот пристап „примени или појасни зошто не си применил„ кој од своја страна им овозможува флексибилност на друштвата во применување на одредбите од Кодексот, односно објаснување на причините поради кои одредени одредби не се применуваат.

Новиот Кодекс беше изготвен во рамки на заедничкиот проект на Берзата и Комисијата за хартии од вредност во соработка со странски и локални консултанти ангажирани преку Европската банка за обнова и развој. На донесувањето на Кодексот му претходеше процес на темелна работа и конструктивна дискусија на сите страни кои беа инволвирани во изработката на истиот, како и јавна расправа во која котираните друштва изнесоа корисни предлози и сугестии.

Кодексот е поделен на седум глави, при што секоја глава се однесува на различен аспект на структурата, системите и процеси на управувањето на друштвата и тоа:

Кодекс за корпоративно управување	
1	Права на акционерите и односи со акционерите
2	Надзорен одбор
3	Управен одбор
4	Судир на интереси
5	Ризик и контрола
6	Засегнати лица, одржливост и општествени прашања
7	Транспарентност и објавување

Во рамки на Кодексот, пропишани се прашалници кои друштвата треба да ги пополнат со цел конкретно известување за примена на Кодексот и за објавување на информациите, кои друштвата ќе треба да ги објават на својата интернет страница и преку апликацијата СЕИ-Нет

9.6. Водич за ESG Известување

Во 2021 година, Македонска берза ја финализираше изработката на „Водич за известување за прашања поврзани со животната средина, општествени прашања и управување" за котираните компании или „Водич за ESG известување" (ESG - Environmental, Social and Governance). Водичот за ESG известување претставува практична алатка за обелоденувања поврзани со ESG проблематиката во согласност со новиот Кодекс за корпоративно управување и најновите меѓународни ESG стандарди.



Водичот е изработен со техничка помош од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), заедно со консултатните од Холандија во рамки на Проектот за Известување за заштитата на животната средина, општествената одговорност и управувањето кој започна на крајот од 2020 година. Со Водичот се воспоставува унифицирана, конзистентна и транспарентна рамка за ESG известување хармонизирана со европските стандарди од оваа област. Водичот има за цел да промовира подобри корпоративни практики за информирање на инвеститорите преку подобрување на известувањето за животната средина, општествената одговорност и управувањето. Овој Водич е создаден за да им помогне на компаниите котирани на Македонската берза во нивните интеракции со инвеститорите во овој домен, да им помогне да разберат на кој начин интерно да се осврнат на прашањата поврзани со ESG како клучна компонента во односите со инвеститорите, но и како да управуваат со ESG факторите и тоа да стане видливо во јавноста.

9.7. Воведување на електронска архива

Од почетокот на 2021 година, започна да функционира електронската архива на Берзата. Имено, електронското водење на деловодник го олеснува процесот на водење евиденција на целокупната документација на Берзата, а воедно обезбедува и поголема сигурност и безбедност во чувањето на документацијата.

9.8. Промени во составот на Комисијата за котација и Дисциплинската Комисија

Во 2021 година, беше извршена промена во составот на Комисијата за котација поради кадровски промени во членка на Берзата којашто имаше свој претставник во Комисијата за котација. Исто така, кон крајот на годината истекуваше мандатот на постојните членови на Комисијата за котација и Дисциплинската комисија, поради што беа донесни одлуки за избор на нов состав на овие комисии. Притоа, во двете комисии беше избран по еден нов член и беше продолжен мандатот на другите досегашни членови. Согласно Правилата за однесување и дисциплина и Правилата за котација, мандатот на овие комисии е со времетраење од две години, односно до 2023 година.

9.9. Внатрешна ревизија

Исполнувањето на законската обврска за вршење на внатрешна ревизија и оваа година Берзата ја остваруваше преку надворешен соработник за внатрешна ревизија, кој во предвидените рокови изготви Годишен извештај за внатрешна ревизија за 2020 година и Годишен план за ревизија и ги спроведе планираните ревизии за годината. Препораките дадени од надворешниот соработник за извршување во извештаите за извршените ревизии беа усвоени од страна на неизвршните членови на Одборот на директори и беа соодветно спроведени во работењето на Берзата.

9.10. Дисциплински постапки

Во текот на 2021 година, беше спроведена една дисциплинска постапка против една членка на Берзата. Врз основа на спроведената дисциплинска постапка од страна на Дисциплинската комисија, Берзата, поради утврдените непочитувања на Правилата за тргување од страна на членката ги изрече следните дисциплински мерки:

- опомена со известување на сите членки за донесената дисциплинска одлука;
- парична казна во висина од 60.000 денари и
- ја задолжи членката во рок од 45 календарски дена од приемот на одлуката да изврши измена на своите акти во насока на регулирање на мерки и активности коишто треба да бидат преземени од членката и нејзините вработени со цел да се спречи прекршување на актите на Берзата и интерните акти на членката во иднина.

За донесената дисциплинска одлука беа известени членките на Берзата и Комисијата за хартии од вредност. Членката во дадениот рок постапи согласно задолжувањето од дисциплинската одлука за измена на своите акти и за истото ја извести Берзата.

9.11. Учество во работата на работните групи/проекти за изработка на новите законски решенија во областа на хартии од вредност

Во текот на 2021 година, работните груши за изработка на Законот за финансиски инструменти и Законот за проспекти и обврски за транспарентност, составена од претставници на Министерството за финансии, Комисијата за хартии до вредност, Централниот депозитар, брокерското здружение, Народна банка и Берзата имаа состаноци во намален обем, меѓутоа претставниците на Берзата продолжија да ги следат новините во однос на имплементирачките мерки на ЕУ во овие области.

Во 2021 година, Берзата номинираше свои претставници и во работната група во проширен состав за правото на трговски друштва, формирана од Министерството за економија, како дел од ИПА проектот: Зајакнување на внатрешниот пазар/Компонента 3 поврзана со активностите за усогласување на националното законодавство во надлежност на Поглавјето 3.06. Право на трговските друштва, со најновото законодавство на Европската Унија. Претставниците на Берзата учествуваа на состаноците на оваа работна група и ги подготвуваа потребните материјали коишто се поврзани со акти на Берзата, за целите на работењето на истата.

9.12. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања од надлежните органи и институции, како и од физички лица, воглавно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

9.13. Судски и нотарски постапки

Врз основа на објави во Службен весник на Република Северна Македонија за отворени стечајни постапки, во текот на 2021 година, Берзата поднесе пријава за своите побарувања кон еден од должниците за кој е отворена стечајна постапка, а по основ на надомест за членство и други надоместоци кои произлегуваат од членството.
Со цел присилна наплата на побарувањата што Берзата ги има спрема одредени должници по основ на долг за годишниот надомест за котација, беше поднесено едно барање за спроведување на извршување врз основа на извршна исправа до извршител.

9.14. Известувања до Комисијата за хартии од вредност

Во текот на 2021 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност на РСМ, како и други акти, извештаи и известувања согласно Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари.

10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

10.1. Потпишан договор за соработка од областа на едукацијата со Загрепската берза

На 05.03.2021 година, Македонската и Загрепската берза потпишаа Договор за соработка, којшто има за цел да го подобри професионалното знаење и развој на директните и индиректни учесници на македонскиот пазар на капитал преку семинари организирани во рамки на Академијата на Загрепската берза.

Учесници од Македонија ќе имаат можност да присуствуваат на обуки за различни теми поврзани со пазарите на капитал, како што се портфолио менаџмент, користење на финансиски извештаи, односи со инвеститори, регулаторна рамка на ЕУ за пазарите на капитал, управување со ризици, корпоративни дејства и други. Македонска берза обезбеди повластени услови за сите учесници од нашата држава.

10.2. Одржани предавања и презентации

Предавања

Со цел подигнање на нивото на финансиска едукација и запознавање со улогата на Берзата во рамките на финансискиот систем во државата, Берзата во текот на 2021 година одржа виртуелни предавања на повеќе од 200 ученици и студенти, кои имаа можност да се запознаат подетално со активностите и развојот на Берзата и развојот на пазарот на хартии од вредност и тоа:

19.2.2021	на ученици од ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј"
08.3.2021	на студенти од Универзитет Американ Колеџ – Скопје
08.4.2021	Во рамките на работилницата "Финансиска едукација: средношколците учат да се грижат за своите пари и да прават здрави финансиски одлуки" во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, се одржа предавање за берзанското работење и начинот на функционирање на пазарите на хартии од вредност. Во рамките на оваа соработка и на покана на Џуниор Ачивмент Македонија, двајца преставници од Берзата се вклучија како бизнис волонтери во рамките на Кампот на иновации, натпревар на средношколци во претприемнички вештини, кој се одржа во период од 09-23.06.2021 година
10.5.2021	на студентите од Меѓународниот Балкански Универзитет
18.5.2021	на студентите од Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
30.9.2021	На покана на Глобал Шејперс Скопје Хаб, а во рамките на Летната школа за финансиска писменост за млади организирана со поддршка на КОНЕКТ и ГИЗ, преставник од Берзата одржа предавање за берзанското работење и начинот на функционирање на пазарите на хартии од вредност. На предавањето беа присутни 72 учесници
24.11.2021	на студентите од University American College Skopje

Обуки

На 02-03.06.2021 година беше одржана дводневна online обука Основи на анализа на финансиски извештаи. Учесниците на обуката имаа можност да се запознаат и да ги продлабочат знаењата во врска со структурата на основните финансиски извештаи (Биланс на успех, биланс на состојба, Извештај за паричните текови и Извештајот за промените во главнината) и белешките кон финансиските извештаи, како и алатките и техниките на изготвување и анализа на финансиските извештаи, имајќи ја предвид нивната улога во привлекувањето на инвеститори и градењето на имиџот на компанијата. Во рамките на обуката беше презентирана платформата Бестнет Аналитика и Модулот за анализа на финасиските извештаи.

Во рамките на „Глобалната недела на претприемништво„ (ГНП) која се одржа од 08-14 Ноември на глобално ниво, на 12.11.2021 година преставници на Берзата одржаа презентација на тема Берзанска котација – Една од целите на секој успешен стартап. Присутните имаа можност да дознаат повеќе за тоа што значи котацијата на берза за компаниите и нејзините придобивки како што се: повисок рејтинг и углед на друштвото, можност за прибирање нов капитал, пазарно вреднување на компанијата, транспарентност, пристап до поголема база на домашни и странски инвеститори;

10.3. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата

Во текот на 2021 година претставници на Берзата зедоа учество на повеќе обуки и настани:

20-22.01.2021	Во рамките на соработката меѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, а во организација на ATTF преставници на Берзата учествуваа на обуката MIFID II Framework overview + MIFID II Derivatives
03-10.02.2021	Во рамките на соработката меѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, а во организација на ATTF преставници на Берзата учествуваа на обуката Developing Capital Markets

Q1 2021	Претставници од Секторот за информатичка и техничка поддршка учествуваа на неколку сертифицирани обуки и вебинари во делот на одржување и администрација на мрежни системи.
10.02.2021	Присуство на обука за заштита на лични податоци во организација на Агенцијата за заштита на лични податоци
14.6.2021	Присуство на он-лајн работилница во организација на AmCham на која преставник на Дирекцијата за заштита на лични податоци одговараше на прашања поврзани со примената и новините од Законот за заштита на лични податоци
16.6.2021	Присуство на финален настан за вмрежување во организација на проектот на УСАИД за Развој на деловниот екосистем.
16-17.09.2021	Претставници на Берзата присуствуваа на дводневен он-лајн настан на тема: Национална стратегија за финансиска писменост и финансиска инклузија во Република Северна Македонија: Координирани напори за зајакнување на финансиската писменост (на 16-ти септември) и вториот ден на тема: Дигитални финансиски услуги: ризици и можности за потрошувачите и улогата на финансиската едукација (на 17-ти септември). Настанот беше организиран од страна на Народната банка, Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на осигурување и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, и во координација со: Меѓународната мрежа за финансиска едукација при ОЕЦД и Министерството за финансии на Холандија
Q3 2021	Претставници на Берзата учествуваа во работната група за изготвување на развојна стратегија во рамките на Советот за развој на пазарот на капитал формиран од Владата на РСМ, при што беа составени предлог-мерки, во рамките на кои Берзата даде свое мислење
29.10.2021	Преставник на Берзата присуствуваше на 21-то Генерално собрание на Американската стопанска комора во Македонија каде беше избрано ново раководство на Комората
08-14.11.2021	Присуство на настани организирани во рамките на „Глобалната недела на претприемништво„ (ГНП), во организација на Асоцијацијата Стартап Македонија
14.12.2021	Главниот извршен директор учествуваше на сесијата ,,Можности и предизвици за развој на пазарот на капитал,, во рамките на Конференцијата ФИНАНСИИТЕ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА, која ја организираше Економскиот факултет при УКИМ, а по повод 60 години од постдипломскиот студиум Монетарна економија, финансии и банкарство
16.12.2021	Се одржа онлајн состанок на Работната група за следење на спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија на Република Северна Македонија 2021-2025, на кој присуствуваа претставници од Координациското тело за финансиска едукација и финансиска инклузија и претставници на приватниот и граѓанскиот сектор

10.4. Училишна берза

Во соработка со СЕПУГС „Арсени Јовков", Берзата во 2021 година, по втор пат го спроведе проектот Училишна берза кој се реализира во соработка со ученици – доброволци од трета година економска и правна струка при ова средно училиште, кои сакаат да научат повеќе за работата со хартии од вредност. Проектот се спроведува во две фази: теоретски и практичен дел. Во последниот квартал од 2021 година беше реализирана првата фаза од проектот. Во рамките на оваа фаза преставници од Берзата одржаа 7 онлајн предавања. Втората фаза од проектот се планира да се реализира во првата половина од 2022 година преку симулација на тргување со хартии од вредност преку посебната платформа на Македонска берза, Виртуелна берза.

10.5. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонската берза

Согласно последните подобрувања на инфраструктурата на софтверската апликацијата Виртуелна берза и можноста за креирање на посебни лиги во оваа едукативна игра, со цел оваа апликација да се користи како дел од образовниот процес, во текот на овој период беа креирани две посебни лиги и тоа:

- На барање на СЕПУГС „Арсени Јовков", а во рамките на втората фаза од проектот Училишна берза;
- На барање на Универзитет Американ Колеџ – Скопје;

Во апликацијата додадена е можност за училиштата и факултетите да се креираат посебни лиги и секоја посебна лига е достапна единствено за конкретниот наставникот (професорот) и неговите ученици (студенти).

11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

11.1. Активности по повод 25 години Македонска берза

Во првиот квартал од 2021 година, започнаа активностите за одбележување на 25 години од првиот ден на тргување на Македонска берза.

Во рамките на овие активности на Македонска берза, беа објавени соодветни интервјуа и колумни во медиумите, а се започна и со емитување на серија од пригодни кратки видеа во кои, за Македонска берза, зборуваат брокерите, котираните компании, пазарните институции и други домашни и странски стејкхолдери и партнери.





Исто така, беше криерана и посебна подстрана на официјалната интернет страна на Берзата https://www.mse.mk/mk/content/24/03/2021/25-years-mse каде се достапни сите активности по повод одбележувањето на овој јубилеј.

11.2. Инвеститорски ден на Берзата

Со цел промовирање на уште поактивно учество на домашните индивидуални инвеститори на македонскиот пазар на хартии од вредност и вложување на населението во акции издадени од домашните компании што се тргуваат на Македонска берза, односно зголемување на знаењето за овие финансиски инструменти и подобрување на инвестициската култура во нашата држава, Берзата на 13.09.2021 година (понеделник), по втор пат го организираше настанот „Инвеститорски ден".

На „Инвеститорскиот ден" на Берзата сите домашни физички лица тргуваа со акции на сите пазарни сегменти без трансакциски трошоци што ги наплатуваат овластените пазарни институции и учесници. Поконкретно, на „Инвеститорскиот ден" сите домашни физички лица купуваа или продаваа акции без да ги платат провизиите кон Берзата, ЦДХВ и овластените пазарни учесници што беа вклучени во оваа иницијатива, со исполнување на следните услови:

- Инвеститорите да склучат нормални трансакции со акции преку БЕСТ системот, со посредство на некоја членките на Берзата;
- Износот на остварениот дневен промет по индивидуален инвеститор да не изнесува повеќе од 10.000 евра, независно од бројот на берзански трансакции преку кои истиот ќе биде остварен;
- Трансакциите да бидат склучени преку клиентска, односно сопственичка сметка.

Оваа иницијатива ја прифатија и во неа активно се вклучија осум од вкупно десет членки на Берзата и ЦДХВ, а истата доби поддршка и од Комисијата за хартии од вредност.

На овогодинешниот „Инвеститорски ден" на Берзата се склучија вкупно 262 трансакции што претставува најголем број склучени трансакции во еден ден на тргување во 2021 година, вкупниот промет од тргување во БЕСТ системот со акции надмина 640 илјади евра што е зголемување за повеќе од 45% во споредба со просечниот дневен промет во БЕСТ во 2021 година. Дополнително, во БЕСТ системот на Берзата беа внесени вкупно 432 налози за тргување, што претставува најголем број на внесени налози во берзанскиот систем за тргување во текот на оваа година.

11.3. Годишни награди на Македонска берза за 2021 година

Одборот на директори, на седницата одржана на 01.11.2021 година, ја разгледа и позитивно ја оцени Иницијативата за отпочнување на доделување на годишни награди на Берзата. Оттука, надградувајќи ја досегашната пракса на наградување на своите членки и котираните друштва, Берзата од оваа година започна со нов концепт на доделување годишни награди во повеќе категории. На овој начин, Берзата им дава јавно признание на најпрепознатливите и најактивни учесници и други субјекти кои се директно или индиректно поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност.

Со цел да се овозможи постапка на избор на добитници при која ќе се применуваат недвосмислени и објективни критериуми за избор, се изработи процедура за Годишни награди на Македонска берза.

Добитници на годишните награди на Македонска берза за 2021 година се:

1. Категорија „Акција со најголем промет во 2021 година"	
Во конкуренција на акционерски друштва над 50 милиони пазарна капитализација	Комерцијална банка АД Скопје
Во конкуренција на акционерски друштва под 50 милиони пазарна капитализација	Македонијатурист АД Скопје
2. Категорија „Акција со најголем пораст на цената во 2021 година"	
Во конкуренција на акционерски друштва над 50 милиони пазарна капитализација	НЛБ Банка АД Скопје
Во конкуренција на акционерски друштва под 50 милиони пазарна капитализација	Макстил АД Скопје
3. Категорија „Акција со најголем пораст на прометот во 2021 година"	
Во конкуренција на акционерски друштва над 50 милиони пазарна капитализација	Македонски Телеком АД Скопје
Во конкуренција на акционерски друштва под 50 милиони пазарна капитализација	Макстил АД Скопје
4. Категоријата „Членка на годината за 2021 година"	
Членка на годината која има остварено најголем промет и трансакции од редовно тргување со акции	Илирика Инвестмент АД Скопје
Членка на годината која има остварено најголем промет и трансакции со обврзници	Еурохаус АД Скопје
5. Категорија „Најтранспарентно котирано акцинерско друштво за 2021 година"	
по избор на пазарни учесници и по избор на новинари	Алкалоид АД Скопје
6. Категоријата „Акција на годината за 2021 година по избор на јавноста"	Алкалоид АД Скопје
7. Категорија „Годишна награда за придонес во областа на едукацијата и развојот на пазарот на хартии од вредност"	СЕПУГС „Арсени Јовков" Скопје Посебна благодарница на УСАИД Северна Македонија за повеќегодишен придонес во овој домен

Наградите за категориите од 1 до 4 се доделија согласно утврдени процедури за статистичка анализа на остварениот берзански промет во тековната година. Наградите за категориите под 5 се доделија врз основа на добиени гласови на избрани претставници од конкретните професии. Наградата за категоријата 6, Акција на годината по избор на јавноста, се додели согласно гласовите на поширокатa инвестициска јавност врз основа на заедничка анкета на Берзата и порталот „Фактор". Наградата за категоријата 7 ја додели посебна комисија за избор формирана од Берзата.

Со оглед на здравствената криза, оваа година настанот се реализираше преку видео формат, односно беше креирано посебно видео во кое свое обраќање имаа преставници од овогодинешните добитници на награди. Видеото беше дистрибуирано преку официјалната интернет страна на Берзата и профилите на социјалните мрежи.

11.4. Активности во врска со crowdfunding платформата Funderbem

Како резултат на интензивната промоција на crowdfunding платформата Funderbem од страна на Берзата, македонската стартап компанијата KIIMO ја започна првата приватна кампања преку платформата Funderbeam. Кампањата до крајот на 2021 година сеуште беше во тек. Водечкиот инвеститор во стартап компанијата Kiimo, за потребите на оваа кампања на Funderbeam е компанијата Eurovia. Водечки инвеститор може да биде правно или физичко лице кое има добро познавање во бизнисот и визија за инвестицискиот потенцијал на компанијата што собира средства преку Funderbeam од други помали инвеститори во земјата и странство. Водечкиот инвеститор инвестира во компанијата, што демонстрира доверба во позитивниот понатамошен развој на компанијата.

Во 2021 година беа одржани средби со неколку компании заинтересирани за алтернативно финасисирање на своите развојни проекти преку платформата.

11.5. Берзата дел од глобалната иницијатива "Ring the Bell for Gender Equality"

Македонска берза АД Скопје за прв пат се приклучи кон глобалната иницијатива "Ring the Bell for Gender Equality",

со што влезе во друштво на стотина берзи ширум светот каде по повод Меѓународниот ден на жената со симболично звонење на берзанското звоно, се означува почетокот на тргувањето. Звоното на Македонска берза го зазвонија М-р Нора Алити, Претседател на Комисијата за хартии од вредност и Иван Штериев, Главен извршен директор на Македонска берза.

Иницијативата Ring the Bell for Gender Equality, почнувајќи од 2015 година се одбележува во многу земји, со цел подигнување на свеста за клучната улога на приватниот сектор во унапредување на родовата еднаквост, како глобална цел за одржлив развој. Овој глобален настан е иницран од IFC, The World Federation of Exchanges, Sustainable Stock Exchanges Initiative, UN Global Compact, UN Women и Women in ETFs.

11.6. Родова анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза

Во функција на зајакнување на општествената свест за постигнување на поголема родова рамноправност, Берзата изработи кратка анализа за состојбите на овој план во органите на управување кај македонските котирани друштва. Анализата е објавена на интернет страната на Берзата на 08.03.2021 година и е достапна на следниот линк: https://www.mse.mk/mk/news/8/3/2021/gender-analysis

11.7. Глобална иницијатива „Да засвониме за финансиска писменост"

По овој повод, на 07.10.2021 година, своното на Македонска берза го засвонија Мила Царовска, Министерка за образование и наука, Нора Алити, Претседателка на Комисијата за хартии од вредност и Иван Штериев, Главен извршен директор на Македонска берза.

Глобалната иницијатива „Да засвониме за финансиска писменост" (Ring the Bell for Financial Literacy) на Светската федерација на берзи (World Federation of Exchanges - WFE) како поддршка на глобалната кампања „Светска недела на инвеститорот" (World Investor Week - WIW) во организација на Меѓународната организација на комисиите за хартии од вредност (International Organization of Securities Commissions - IOSCO). Оваа година „Светската недела на инвеститорот" траеше од 4 до 10 октомври и кон истата се приклучија рекордни 78 берзи кои во текот на оваа недела одржаа церемонии на свонење на берзанските свона, тематски работилници и настани, со цел подигнување на свеста за важноста и неопходноста на финансиската писменост и инклузија и нивното влијание врз животот на луѓето.

Во рамките на овој настан беше најавено дека Министерството за образование и наука, Комисијата за хартии од вредност и Македонска берза заеднички работат на креирање на наставен предмет за принципите на функционирање на пазарот на капитал што во иднина би се изучувал во средните економски и правни училишта. Предметот ќе има теориски и практичен дел, при што во неговиот практичен дел ќе се користи редизајнираната едукативна платформа „Виртуелна берза", односно on-line платформа развиена од Македонска берза како игра на знаење преку којашто учесниците стекнуваат искуство за тргувањето со хартии од вредност.

11.8. Промоција на продуктите на Берзата

Со цел континуирано присуство во јавноста, подобро запознавање за тоа што се случува на Берзата, во текот на 2021 година беа објавени:

Годишен и месечни статистички билтени

Објавено детално соопштение со вклучени статистички податоци за берзанските движења за првите шест и првите девет месеци од 2021 година

Dasboard за клучните месечни и клучните моменти во 2021


Беше објавена публикацијата „Факти за котираните компании"

Континуирана ажурирање на "Квиз за пазарот на хартии од вредност"



Берзата го промовираше видеото по повод годишните награди

- Објавен годишниот статистички билтен од тргувањето со хартии од вредност;
- Објавени месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;

- Објавено детално соопштение со вклучени статистички податоци за берзанските движења за првите шест и првите девет месеци од 2021 година;
- Dasboard за клучните месечни показатели;
- Dashboard со сумарен приказ на клучните моменти во 2021 година;
- Континуирана ажурирање на "Квиз за пазарот на хартии од вредност";
- Креиран е сумарен преглед на веб страната на Берзата со цел посеопфатно и подетално информирање на инвеститорите и на пошироката јавност околу бројот и карактеристиките на котираните континуирани државни обврзници.
- Беше објавена публикацијата „Факти за котираните компании", која содржи податоци за најликвидните 20 котирани компании на Официјалниот пазар (Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација), селектирани според прометот од редовно тргување во периодот 01.01.-31.12.2020 година, како и збирен преглед за останатите котирани компании со кои се тргувало заклучно со 31.12.2020 година. При изработка на Публикацијата користени се податоци од неревидираните финансиски извештаи за 2020 година за котираните друштва.
- На веб порталот МБ Монитор објавена е публикацијата на Берзата „Факти за котираните компании 2021 прво полугодие";
- Берзата го промовираше видеото по повод годишните награди на Македонска берза за 2021 година.

11.9. Соработка со медиуми





- Остварените резултати на котираните друштва за 2020 година, првиот, вториот и третиот квартал од 2021 година и прегледот на финансиските податоци за котираните друштва беа објавени на официјалната интернет страна на Берзата.
- На интернет страната на Берзата е објавен краток преглед на тргувањето во првиот, вториот и третиот квартал од 2021 година.
- Во 2021 година, Берзата перманентно одговараше на новинарски барања за обезбедување на статистички податоци со цел анализа на тргувањето на Берзата.
- За потребите на телевизискиот проект "Приказна" беше снимена видео презентација на податоците од родовата анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза.
- Во извештајниот период Берзата продолжи да ја користи својата FB страна, Linkedin профил како и својот youtube канал како активни медиуму за промовирање на своите активности и производи.
- На интернет страната не Берзата е објавен видео материјал како сумарен приказ на тргувањето и активностите во 2021 година.

11.10. Бесплатното користење на продуктот eTrader

Согласно Одлука на Одборот на директори, Берзата заклучно со 30.09.2021 година го продолжи периодот за бесплатно користење на продуктот eTrader, што како поволност беше овозможено во 2020 година поради опасноста од ширење на вирусот COVID-19, во рамки на промоцијата на постоечките алатки на Берзата за електронско тргување кои им се достапни на инвеститорите преку членките.

11.11. Комуникациска платформа МБ монитор

Во текот на годината на комуникациска платформа на Македонска берза МБ Монитор беа објавени неколку прилози од настани и активности во организација на Берзата.

11.12. Комерцијално огласување на веб страната на Берзата

Во текот на 2021 беше продолжен договорот со Комерцијална банка АД Скопје за закуп на позиција за рекламирање на интернет страницата на Берзата. Исто така, во 2021 година беше склучен договор за закуп на позиција за рекламирање на mse.mk со Вега Фондови АД Скопје.

12. ОБЈАВИ НА АД ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ

Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност, чии хартии од вредност не котираат на берза и не се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување имаат обврска за известување на јавноста согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност. Во 2021 година преку интернет страната на Берзата беа администрирани и објавени вкупно 385 објави од акцинерскитте друштва на Слободен пазар.

13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Со оглед на состојбите поврзани со COVID-19, меѓународните активности на Берзата во 2021 година беа лимитирани на редовни on-line состаноци на Надзорниот одбор на CEE Линк и комуникација со ЕБОР за тековни проекти со оваа меѓународна финансиска институција (research coverage, Кодекс за корпоративно управување, ESG проект итн.).

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од областа на пазарот на капитал, претставници на Македонската берза и/или котираните компании на Берзата зедоа учество на неколку on-line настани.

27-28 мај 2021	Во рамките на онлајн настанот "CEE Investment Opportunities" кој се одржа во организација на берзите од Загреб и Љубљана, а кој преставува можност за поврзување на инвеститорите и аналитичарите со еминентни компании од двете берзи, за прв пат оваа година се приклучија компании кои котираат на Македонска берза. Настанот се одржи преку платформата GoToWebinar и присутните имаа можност да слушнат презентации на 9 хрватски, 7 словенечки и 2 македонски компании (Комерцијална банка АД Скопје и Алкалоид АД Скопје)
2021	Беа остварени контакти со FEAS за евентуално придружување во оваа федерација (Македонска берза таму е во статус на мирување).

14. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

Име и презиме	Работодавец / Дејност	Членство во органи на управување на трговски друштва
Тони Стојановски	Стопанска банка АД Скопје Дејност: Банкарство	Стопанска банка АД Скопје, член на Управен Одбор Македонска Берза АД Скопје- неизвршен член на Одбор на директори
Михајло Брова Зиков	Комерцијална банка АД Скопје Дејност: Банкарство	Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори
Петар Трпески	Шпаркасе банка Македонија АД Скопје Дејност: Банкарство	Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори
Ивана Гажиќ	Загребска берза АД Загреб, Хрватска Дејност: Управување на финансиски пазар	Загребска берза АД Загреб, Хрватска, Претседател на Управен одбор
Билјана Цветковска	Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје Дејност: други финансиски дејности	Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори
Иван Мишев	Адвокатско друштво Папазовски Мишев	Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори
Горан Анастасовски	КИБС АД Скопје Дејност: Платни системи	КИБС АД Скопје – Претседател на Управен одбор Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори
Иван Штериев	Македонска берза АД Скопје Дејност: Управување со финансиски пазари	Македонска берза АД Скопје -Главен Извршен директор

Годишните нето примања за 2021 година на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 1.796.838.00 денари, 3.500.835 денари, 702.094 денари и 1.310.980 денари.

Остварените надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Тони Стојановски, г-ѓа Ивана Гажиќ и г-дин Горан Анастасовски се соодветно прикажани во Годишниот извештај на Стопанска банка АД Скопје, во Годишниот извештај на Загрепска берза АД Загреб, Хрватска, односно во Белешките на ревизорските финансикси извештаи на КИБС АД Скопје кои се јавно достапни.

Податоците за надоместоците и примањата на неизвршните членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

Согласно Одлуката бр.02-697/1 од 30.05.2018 година, Берзата исплатува месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на неизвршните членови во нето износ од 15.000 денари, по член. Освен месечниот надомест, за неизвршните членови на Одборот на директори за 2021 година беше пресметан и годишен надомест согласно претходно донесена одлука од Собранието на акционери. Износот на надоместоците на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во 2021 година е прикажан во глава 14 од овој Извештај.

Главниот извршен директор не членува во органи на управување на други трговски друштва, а податоците за остварените примања од Берзата за 2021 година се прикажани во глава 14 од овој Извештај.

15. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2021 ГОДИНА

Во 2021 година Македонската берза АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **66.116.201 денари** и истите се поголеми за 28% во споредба со приходите остварени во 2020 година.

Приходите остварени од камата изнесуваат **1.624.191 денари** и бележат намалување од 11,7% во однос на остварените во 2020 година, поради фактот што скоро сите актуелни банкарски депозити достасаа кон средината на 2021 година и беа преорочени со пониски каматни стапки согласно преовладувачките пазарни услови. Со состојба на 31.12.2021 година износот на пласираните парични средства на Берзата изнесува 112,8 милиони денари, при што покрај во орочени банкарски депозити, дел од средствата се пласирани во долгорочни државни хартии од вредност и во два отворени парични инвестициски фондови. Берзата има денарски депозити орочени на 12, 24 и 36 месеци во следните банки: Комерцијална банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), УНИ Банка АД Скопје (10 милиони денари), Халкбанк АД Скопје (10 милиони денари), Шпаркасе банка Македонија АД Скопје (10 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 1% до 1,17%. Берзата поседува долгорочни државни хартии од вредност во номинална вредност од 31 милиони денари (15 годишна државна обврзница со годишна каматна стапка од 3,2% и 7 годишна државна обврзница со годишна каматна стапка од 1,625%). Воедно, Берзата има вложено 16,8 милиони денари во паричниот фонд КБ Публикум Инвест (поседува 150.220,1995 удели) и 15 милиони денари во паричниот фонд на Генерали Инвестментс АД Скопје Генерали Кеш депозит (поседува 124.765,2583 удели). Како резултат на усогласување на објективната вредноста на уделите со состојба 31.12.2021 година остварени се приходи во износ од 398.322 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 2.022.513 денари, наспроти ланските 2.269.797 денари, што е намалување за 10,9%. Финансиските приходи во вкупните приходи учествуваат со 3%.

Приходите по основ на провизии и надоместоци изнесуваат **58.731.719 денари** и се за 29,2% повисоки во однос на остварените во 2020 година, како резултат на значителниот пораст на приходите од надомест за тргување, односно од реализираните блок трансакции, како и приходите од тргувањето со обврзници во 2021 во споредба со лани. Подолу, подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од **2.668.305 денари** и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за испит за брокери, надоместоци за користење на Берза-Нет и надоместоци за користење на станици за набљудување. Приходите од членство учествуваат со 4% во вкупните приходи.

- Од **надомест за тргување** во 2021 година се приходувани **43.083.264 денари** што претставува 65,2% од вкупните приходи во 2021 година. Надоместокот за тргување остварен во 2021 година е за 46,8% повисок во споредба со лани. Имено, приходот од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи зголемување од 175,1% (од 6.097.462 денари во 2020 година на 16.776.190 денари во 2021 година) што се должи примарно на реализираната блок трансакција со акциите на ГА-МА АД Скопје. Кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано намалување од 6,7% (од 22.750.528 денари во 2020 година на 21.213.959 денари во 2021 година), приходот од тргувањето со обврзници е зголемен за речиси 15 пати (од 317.904 денари во 2020 година на 4.775.984 денари во 2021 година) што се должи на котацијата и тргувањето со новите обврзници за денационализација од деветнаесетата и дваесетата емисија (РМДЕН19 и РМДЕН20) што беа котирани во

февруари и август оваа година, додека минатата година воопшто немаше котација на обврзница од овој вид на пазарот. Приходот од тргувањето по пат на јавни берзански аукции бележи повеќекратно зголемување (во 2020 изнесува 10.958 денари, а во 2021 година 248.655 денари). Оставарен е и приход од реализација на јавна понуда на хартии од вредност во висина од 62.000 денари, наспроти ланските 166.283 денари.

- Остварени се приходи по основ на **надомест за котација** во износ од **8.410.000 денари** или 12,7% од вкупните приходи и на годишно ниво бележат намалување од 5,2%. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 94 акционерски друштва што во текот на 2021 година котираа на Официјалниот пазар на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација, со фактуриран приход од 7.050.000 денари. Во 2021 година е остварен надомест од 1,2 милиони денари за котација на државните хартии од вредност, согласно важечкиот Договор за котација на државните обврзници помеѓу Берзата и Министерството за финансии. Исто така, остварени се и приходи од 160.000 денари од котацијата на четири корпоративни должнички хартии од вредност.

- Во 2021 година се остварени **приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон** во висина од **4.570.150 денари**, наспроти ланските 4.420.685 денари и истите учествуваат со 6,9% во вкупните приходи. Од диструбуција на податоци се приходувани 3.442.869 денари, 1.115.000 денари од објави на веб согласно закон и 12.281 денари приходи за историски податоци од тргувањето. Овие приходи се помали во однос на лани за 3,4% што се должи, пред се', на помалку остварени приходи од продуктот на Берзата E-Trader, којшто од април 2020 година заклучно со 30.09.2021 година, поради одлуката за бесплатен пристап се нудеше за користење без надомест, во услови на пандемија.

Во 2021 година Берзата оствари **Останати приходи од дејност** во износ од **5.113.104 денари**, што претставува 7,7% од вкупните приходи, и истите се за 30,3% повисоки во однос на остварените во во 2020 година. Зголемувањето кај оваа категорија на приходи е поради остварени приходи од продажба на старо службено возило (претходно целосно амортизирано) во мај оваа година. Од ова Берзата приходуваше 1,016 милиони денари. Оваа година беа приходувани 475.543 денари на име грант согласно Меморандумот за соработка потпишан помеѓу CEED Macedonia и Македонска берза за користење на финансиски средства за промовирање на Funderbeam платформата, наспроти ланските 277.830 денари. Од надомест за превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење Берзата оваа година оствари приходи од 2.033.986 денари, а минатата година тие приходи изнесуваа 2.273.088 денари - ова намалување е поради тоа што во 2021 година овој надоместок се фактурираше на 10 членки наспроти 11 членки во 2020 во периодот од јануари до август, а и поради тоа што во 2020 година беа приходувани дополнителни 5.000 евра за надградба на овој софтверски систем кај неколку членки, додека оваа година по овој основ беа приходувани 3.000 евра. Од закуп на деловен простор се остварени 954.144 денари оваа година наспроти 1.013.984 денари лани поради промената на договорот со закупецот Академија за банкарство и информатички технологии -АБИТ (со кој се намали бројот на канцеларии под закуп од овој закупец). Како резултат на склучен договор со берзата од Бахами за продажба на лиценци беа остварени приходи од 151.970 денари. Во категоријата останати приходи од дејност спаѓаат и приходи од закуп на медиумски простор во висина од 294.905 денари, од сомнителни и спорни побарувања 85.118 денари, од обуки во организација на Тренинг центарот на Берзата, како и други приходи.

Во 2021 година е остварен **удел во добивката остварена во заедничкото вложување** во СЕЕ Линк ДОО Скопје во висина од **248.865 денари** што претставува 1/3 учество во вкупната добивка на СЕЕ Линк.

Во 2021 година се остварени **вкупни расходи** во висина од **41.352.948 денари** и се за 13,3% повисоки во однос на минатогодишните 36.502.851 денари. Зголемувањето на трошоците е примарно резултат на поголемата провизија што Берзата ја плати спрема регулаторот оваа година кај која е регистриран пораст од 29,3%, како и поради повеќе остварени останати расходи од дејност (трошоци за услуги, материјални и слични трошоци, трошоци за репрезентација и други) што се должи на начинот на кој функционираше Берзата во услови на пандемија поради корона вирусот во претходната 2020 година.

Во 2021 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **10.660.587 денари**, наспроти ланските 8.260.068 денари, и истите учествуваат со 25,8% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии во висина од 88.876 денари и, пред се', за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност во висина од 10.571.711 денари (во 2020 година овој надомест беше 8.179.348 денари).

Трошоци за вработени во 2021 година изнесуваат **16.842.343 денари** и се состојат од бруто плати, останати користи и награди за сите вработени. Истите изнесуваат 40,7% од вкупните расходи и се повисоки во однос на минатогодишните за 4,6%. Износот на бруто платата на извршниот член на Одборот на директори и исплатената годишната награда изнесуваат 4.518.872 денари.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од **3.060.638 денари**, што претставува 7,4% од вкупните расходи и е за 4,8% повисока во однос на минатогодишната пресметана амортизација, како резултат на набавка и ставање во употреба на основни средства оваа година. Оваа ставка се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2021 година **исправката на вредност на побарувањата** изнесува **1.075.415 денари** наспроти ланските 861.332 денари. Ова зголемување се должи на ставањето под исправка на 100% од побарувањето што Берзата го има од банка над која во 2021 година беше отворена стечајна постапка. Согласно Сметководствените политики на Берзата за побарувањата што Берзата ги има по основ на неплатен надомест за котација пресметана е исправка на вредност на побарувања во износ од 554.375 денари, за побарувањата од банка којашто е во стечај износот што е под исправка е 516.605 денари, а за побарувања по друг основ е направена исправка на вредност во висина од 4.130 денари.

Останатите расходи од дејност изнесуваат **9.712.732 денари** и во вкупните расходи учествуваат со 23,5%. Во однос на останатите расходи од дејност остварени минатата година бележат пораст од 23,7%, а се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат 1.186.981 976.084 денари или 2,9% од вкупните расходи, и истите се зголемени за 21,6% во однос на претходната година како резултат на враќањето на работа на вработените во Берзата со физичко присуство во текот на годината. Во оваа категорија на трошоци спаѓаат трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично.

- **Трошоците за услуги** изнесуваат 4.969.891 денари, бележат учество од 12% во вкупните расходи и истите се за 22,7% повисоки во споредба со трошоците за услуги остварени минатата година. Најголемо учество во рамките на трошоците за услуги во износ од 1.526.426 денари имаат трошоците за услуги за тековно и инвестиционо одржување на средствата за работа. Во 2021 година се направени трошоци за инвестиционо одржување на деловниот простор во висина од 202.698 денари, потоа за телефонски и комуникациски услуги и интернет трошоци во износ од 518.522 денари, за консултантски услуги 948.684 денари, за ревизија на финансиските извештаи 199.656 денари, за обуки и семинари во висина од 215.604 денари. Во 2021 година Берзата користеше сметководствени, правни и други услуги од надворешни субјекти и за истото беа пресметани 825.904 денари трошок. Во категоријата трошоци за услуги спаѓаат и трошоци за поштарина, за обезбедување, паркинг услуги и слично.

- За месечен **надомест за неизвршните членови** на Одборот на директори како и по основ на годишен надомест, согласно важечки одлуки на Собрание на акционери, е пресметан и исплатен вкупен износ од 1.945.575 денари. Истите изнесуваат 4,7% од вкупните расходи.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од 36.985 денари.

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат 715.681 денари наспроти ланските 385.302 денари. Ова зголемување е пред се поради трошоците направени за прикладно одбележување на јубилејот 25 години од функционирањето на Берзата за кој, поради состојбите со пандемијата COVID-19, беше снимен и емитуван видое материјал. Овде спаѓаат и трошоците за новововедените годишни награди на Берзата. Овие трошоци претставуваат 1,7% од вкупните расходи.

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од 731.611 денари и имаат 1,8% учество во вкупните трошоци. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени, менаџерско осигурување и трошоци за доброволна пензиска шема за одреден број клучни вработени, што согласно одлука на Одборот на директори започна кон крајот на 2020 година.

- По основ на **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од 126.098 денари и истите учествуваат со 0,3% во вкупните расходи. Во рамките на Други трошоци спаѓаат данок на имот, членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

- На име **нето загуба од курсни разлики** е оставрен трошок од 1.233 денари.

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2021 година оствари **Добивка пред оданочување** во износ од **24.763.253 денари**. Пресметан е **Данок на добивка** во износ од **2.657.090 денари** и **Добивката за деловната 2021 година** изнесува **22.106.163 денари**.

* * *

Вкупната актива на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2021 година изнесува **187.777.249 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во парични инвестициски фондови) учествуваат со 48,4% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Берзата има вложено и 31,2 милиони денари во долгорочни државни обврзници. Влогот на Македонската берза во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје (основано заедно со берзите од Загреб и Софија во 2016 година) е во износ од 1.190.285 денари. Овој износ претставува 1/3 од основната главнина на ова друштво. Учеството на основните средства - материјални и нематеријални (55.489.313 денари) изнесува 29,6% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 8.923.309 денари или 4,8% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2021 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата за надомест за котација (2.936.873 денари) и побарувањата за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2021 година што доспеваат за плаќање во јануари 2022 година (2.266.171 денари).

Вкупната пасива на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2021 година изнесува **187.777.247 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2021 година изнесуваат 6.312.689 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.984.346 денари,а одложените плаќања на трошоците и приходи во идни периоди изнесуваат 1.509.606 денари (обврски за даноци и придонеси).

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2021 година изнесуваат 181.464.558 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 35.647.941 денари, добивката за финансиската година во износ од 22.106.163 денари и задржаната добивка во износ од 20.212.694 денари.

Одбор на директори

Скопје, Март 2022 година

Претседател

Тони Стојановски

Македонска берза на хартии од вредност * АД СКОПЈЕ

П Р И Л О Г

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
на ден 31.12.2021 година

АКТИВА

во денари

Назив	2020	2021	Индекс 2021/2020
1. Парични средства и парични еквиваленти	**2.088.311**	**5.668.127**	**271**
2. Кредити на и побарувања од банки	**55.500.050**	**50.000.000**	**90**
Депозити	55.500.050	50.000.000	90
3. Должнички хартии од вредност	**25.257.152**	**31.240.191**	124
4. Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	**25.267.700**	**35.266.022**	140
5. Заеднички вложувања	**941.420**	**1.190.285**	**126**
6. Нематеријални средства	**629.063**	**617.147**	**98**
7. Материјални средства	**53.371.721**	**54.872.166**	**103**
8. Останати средства/побарувања	**7.663.370**	**7.694.047**	**100**
Останати побарувања	7.663.370	7.694.047	100
9. Одложени приходи и однапред платени трошоци	**1.429.002**	**1.229.262**	**86**
ВКУПНА АКТИВА	**172.147.789**	**187.777.247**	**109**

ПАСИВА

во денари

Назив	2020	2021	Индекс 2021/2020
1. Обврски	**4.413.395**	**6.312.689**	**143**
Останати обврски	4.379.562	4.803.083	110
Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди	33.833	1.509.606	4.462
2. Капитал и резерви	**167.734.395**	**181.464.558**	**108**
Запишан капитал	103.497.760	103.497.760	100
Резерви	35.647.941	35.647.941	100
Добивка за финансиска година	13.378.675	22.106.163	165
Задржана добивка	15.210.019	20.212.694	133
ВКУПНА ПАСИВА	**172.147.789**	**187.777.247**	**109**

БИЛАНС НА УСПЕХ
за периодот 01.01.-31.12.2021 година

во денари

ПРИХОДИ	01.01.-31.12.2020	01.01.-31.12.2021	Индекс 2021/2020	План 2021	Индекс 2021/план
1. Приходи од камати	**1.838.498**	**1.624.191**	**88**	**1.800.000**	**90**
2. Приходи од усогласување до објективна вредност на удели	**431.299**	**398.322**	**92**	**230.000**	**173**
3. Приходи од провизии и надоместоци	**45.440.822**	**58.731.719**	**129**	**49.973.000**	**118**
Надомест за членство	2.805.802	2.668.305	95	2.598.000	103
Надомест од тргување	29.344.335	43.083.264	147	34.555.000	125
Приходи од котација	8.870.000	8.410.000	95	8.485.000	99
Приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон	4.420.685	4.570.150		4.335.000	
4. Останати приходи од дејност	3.922.710	5.113.104	**130**	**3.665.000**	**140**
5. Удел во добивката на заедничко вложување	**-**	**248.865**	**-**	**-**	**-**
6. Нето добивка од курсни разлики	**169**	**0**	**-**	**7.000**	**-**
Вкупни приходи	**51.633.498**	**66.116.201**	**128**	**55.675.000**	**119**

РАСХОДИ	01.01.-31.12.2020	01.01.-31.12.2021	Индекс 2021/2020	План 2021	Индекс 2021/план
1. Расходи за провизии и надоместоци	**8.260.068**	**10.660.587**	**129**	**9.100.000**	**117**
Провизии од банки	80.720	88.876	**110**	100.000	**89**
Берзанска провизија за КХВ	8.179.348	10.571.711	**129**	9.000.000	**117**
2. Трошоци за вработени и останати користи за вработени	**16.100.961**	**16.842.343**	**105**	**15.000.000**	**112**
3. Амортизација	**2.920.579**	**3.060.638**	**105**	**3.255.000**	**94**
4. Исправка на вредност на побарувања	**861.332**	**1.075.415**	**125**	**1.000.000**	**108**
5. Останати расходи од дејност	**7.852.552**	**9.712.732**	**124**	**9.380.000**	**104**
Материјални и слични трошоци	976.084	1.186.981	122	1.310.000	91
Трошоци за услуги	4.051.441	4.969.891	123	5.100.000	97
Одбор на директори	1.978.961	1.945.575	98	1.320.000	147
Трошоци за службени патувања	2.952	36.895	1.250	150.000	25
Трошоци за репрез., реклама и пропаганда	385.302	715.681	186	700.000	102
Осигурување	327.444	731.611	223	660.000	111
Други трошоци	130.368	126.098	97	140.000	90
6. Удел во загубата на заедничко вложување	**7.358**	**-**	**-**	**-**	**-**
7. Донации	**500.000**	**0**	**-**	**-**	**-**
8. Нето загуба од курсни разлики	**0**	**1.233**	**-**	**7.000**	**-**
Вкупни расходи	**36.502.851**	**41.352.948**	**113**	**37.742.000**	**110**
Добивка (загуба) пред оданочување	**15.130.647**	**24.763.253**	**164**	**17.933.000**	**138**
Данок на добивка	**1.751.972**	**2.657.090**	**152**		**-**
Добивка за финансиската година	**13.378.675**	**22.106.163**	**165**		**-**